МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 198
Април 2026



Промовирани новите оклопни возила „Страјкер“

„Волците“ – симбол на храброст и професионалност

Етничките проблеми во воените односи

ISSN 1857-6710




# Промовирани новите ок

Во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, во свечена атмосфера и во присуство на високи државни и воени претставници, беа промовирани новопристигнатите лесни оклопни возила од типот „Страјкер“.

На настанот присуствуваа претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, министерот за одбрана Владо Мисајловски, вицепремиерот и министер за транспорт и врски Александар Николовски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, како и вршителката на должност-шеф на Мисијата на Амбасадата на САД, Никол Варнс.

Возилата, набавени од САД, претставуваат значаен чекор во процесот на модернизација и унапредување на капацитетите на Армијата, придонесувајќи кон зголемена безбедност, мобилност и оперативна подготвеност.

Премиерот Мицкоски на настанот нагласи дека инвестициите во одбраната и Армијата континуирано продолжуваат, при што истакна дека со воведувањето на оклопните возила „Страјкер“ значително ќе се унапредат капацитетите и оперативната подготвеност на Армијата на Македонија.

„Упатувам огромна благодарност до нашите стратешки партнери, Соединетите Американски Држави и до Амбасадата на САД за целата логистичка поддршка што ни ја даваат. Цениме дека тоа е многу значајно. Сакаме да имаме целосно нова современа опрема, се разбира, во рамките на можностите на буџетот и сите оние критериуми коишто се бараат да бидат исполнети до 2032 година од наша страна“, рече премиерот Мицкоски.

Министерот за одбрана Мисајловски порача дека ова е еден од најкрупните проекти на Министерството за одбрана и дека модернизацијата на Армијата продолжува со силно темпо, бидејќи повеќе од 32% од буџетот на одбраната се испланирани за модернизација.

„Како што може да видите пристигнати се веќе 17 возила









# клопни возила „Страјкер“

‘Страјкер’. Останатите возила би требало да пристигнат до средината на летово, но ќе продолжиме и со сè она што е планирано во делот на нашата модернизација. Може да видите и други возила коишто порано стоеја во гаражите, но благодарение на проектот со Америка што се нарекува „Клиса“, ги ставивме во функции  и останатите возила“, истакна министерот Мисајловски.

Дополнително,  Мисајловски упати благодарност до премиерот и до министрите во Владата, до пратениците, до вршителот на должноста шеф на Мисијата на Амбасадата на САД и до вработените во  Амбасадата на САД, како и до сите колеги и вработени во Министерството и Армијата, кои изминативе години работеа на овој проект и овозможија интензивирање на одбранбената соработка со нашиот стратешки партнер.

На настанот се обрати и Никол Варнс, вршителката на должност шеф на Мисијата на Амбасадата на САД, која истакна: „Соединетите Американски Држави ќе останат ваш сигурен партнер и сигурни сме дека вашата држава ќе остане на патот кон модернизацијата и  понатаму ќе придонесува за воспоставување мир и стабилност во регионот и пошироко. Горди сме што стоиме заедно со вас во унапредувањето на нашата заедничка цел за мир преку сила и единство“.

На настанот, освен возилата „Страјкер,“ беа изложени и возилата „JLTV“ и „Humvee“ и беа презентирани нивните способности и функционалности во различни оперативни услови. Набавката на лесните оклопните возила од типот „Страјкер“ и „JLTV“ е значаен сегмент од процесот на модернизација и јакнење на капацитетите на Армијата, реализиран преку договорот со САД според принципот „Влада со влада“. Во меѓувреме, македонската Влада склучи нови договори со САД, меѓу кои е и програмата „Клиса“, преку кои се обезбедени резервни делови за да се стават во функција и останатите возила, меѓу кои е и добро познатиот „Humvee“. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16



20

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 198 | април 2026

Инфо
**„Волците“ – симбол на храброст и професионалност** ..... 6

Воена едукација
**Странски борци** ..... 14

Глобал
**Актуелни настани во НАТО (7) Одвраќање и одбрана на Алијансата** ..... 16

Геополитика
**Искористеноста на моќта на регионалните одбранбени иницијативи: Централноевропска одбранбена соработка (CEDC)** ..... 20

Воена едукација
**Војничките чизми низ историјата до денес** ..... 22

Вооружување
**„T129 ATAK“ – турскиот одговор на современото борбено поле** ..... 26

Воена едукација
**Нападите „Deepfake“ врз командните структури – закана за современите воени операции** ..... 32

Вооружување
**Подземни операции: Лекции од Газа** ..... 36

Воена Историја
**Генерал Владислав Алберт Андерс** ..... 40

Психологија
**„Сивата зона“ во единица: Кога „шегата“ станува вознемирување** ..... 48

Спорт
**Капетан Тамара Ѓорѓиевска, најдобар спортист во АРМ за 2025 година** ..... 54

Филм
**„Кучињата на војната“** ..... 58



44




52

КОН ОВОЈ БРОЈ

## ВОВЕД

*Во најновото издание на магазинот „Штит“ читателите ќе имаат можност да се запознаат со теми кои директно ја отсликуваат модернизацијата, традицијата и историјата на македонската армија. Во фокусот на вниманието на овој број е опремувањето на Армијата на Република Македонија со новите оклопни возила „Страјкер“, што претставува значаен чекор за нашата армија, односно за зајакнување на мобилноста и на борбените способности. Опремувањето на Армијата со возилата „Страјкер“ претставува усогласеност со современите НАТО стандарди.*
*Исто така, магазинот „Штит“ во овој број посветува особено внимание и на одбележувањето на Денот на Баталјонот за специјални сили (БСС), елитната единица на Армијата позната под името „Волци“. Баталјонот за специјални намени го одбележа 1 Март – Денот на БСС, кој е формиран на 1 март 1994 година. Оваа единица отсекогаш беше и ќе остане симбол на чест, храброст и професионалност во заштитата на државата. Во продолжение, читателите ќе можат да прочитаат репортажа од посетата на министерот за одбрана Владо Мисајловски на касарната„Јане Сандански“ во Штип каде што се во тек градежни активности за реновирање и осовременување на објектите. При оваа посета министерот истакна дека сè повеќе ќе се вложува во модерна инфраструктура, со цел да се подобрат условите на припадниците на Армијата. Македонска делегација, на чело со началникот на Генералштабота на АРМ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, беше во посета на Пентагон, каде што беше потврдена силната соработка помеѓу македонската и американската армија, како и заедничката посветеност кон стабилноста и безбедноста.*
*Во овој број има и историски осврт на Македонскиот фронт за време на Првата светска војна , во кој проф. д-р Виолета Ачкоска  нè потсетува на жртвите, значењето и на улогата на Македонија во големите светски настани.* ■


ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник



Издавачки совет
Марија Рашковска-Стефановиќ
(Председател)

полк. Дарко Стерјовски
(Заменик претседател)

Членови:
– Иван Петрушевски
– Душко Аврамовски
– Виолета Костадинова
– Трајан Цековски
– Билјана Иванова
– Трајче Чатмов
– Анита Ѓонеска
– Марија Тренчиќ-Костески



„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.


ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk

borce.lozanovski@mod.gov.mk

stanka.petkova@mod.gov.mk



# „Волците“ – симбол на храброст

Со свечена воена церемонија во касарната „Илинден“ во Скопје, Баталјонот за специјални сили (БСС), елитната единица на Армијата позната како „Волци“, го одбележа 1 Март – Денот на единицата.

Формиран на 1 март 1994 година, БСС ги постави темелите на првата специјална и професионална единица во македонската Армија, означувајќи почеток на нејзината професионализација и развој во современа одбранбена сила. Денот на единицата претставува симбол на македонскиот непокор, на челичната дисциплина и нескршливата волја – вредности што со години се негуваат во редовите на „Волците“.

Главната мисија на Баталјонот за специјални сили е да планира, да организира и да изведува специјални операции, со цел заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на Републиката. Станува збор за единица што реагира во најтешки услови, каде одлуките се носат моментално, а задачите се од највисок безбедносен приоритет. Припадниците на БСС потврдуваат дека силата на Армијата не се мери само со опремата, туку и со карактерот, обученоста и подготвеноста на луѓето, пред сè, да ја одбранат татковината. Од своето формирање до денес, кандидатите за прием во единицата минуваат низ строга селекција, воедно и низ процедури и барања за висок степен на психофизичка подготвеност, без разлика дали станува збор за старешини или професионални војници. Само најподготвените стануваат дел од оваа елитна формација.

Баталјонот за специјални сили учествуваше во повеќе мировни мисии надвор од државата: Ирак, Авганистан, Либан и Босна и Херцеговина, каде припадниците на контингентите беа одликувани со бројни пофалници, медали и признанија за нивната професионалност и посветеност. На свеченоста се обратија министерот за одбрана Владо Мисајловски и на-



# и професионалност





чалникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, кои нагласија дека БСС останува симбол на професионалност, подготвеност и лојалност – еден од најцврстите столбови на одбраната на државата. Во рамките на одбележувањето беа доделени стимулативни мерки и признанија, а со положување свежо цвеќе на споменикот на загинатите припадници им беше оддадена почит на оние кои го положија својот живот за татковината. На воената свеченост присуствуваа и претставници од Министерството за одбрана, припадници на Генералштабот на Армијата, актуелни и поранешни команданти, подофицери и бројни гости. ■





# Вториот баталјон на белгискиот Полк за специјални операции на обука во Охрид и на „Криволак“

Центарот за поддршка на обуката, кој е во состав на Командата за обука и доктрини на македонската Армија, беше домаќин на обуката на припадниците од 2. баталјон на белгискиот Полк за специјални операции, обука која се изведуваше на две локации во нашата земја во периодот од 2 до 24 февруари 2026 година.

Повеќе од 220 припадниците во составот на вооружените сили на Кралството Белгија, со околу 40 возила, чамци и останата опрема за копнени и амфибиски вежби, овие активности, чија цел е реализација на тактичките предизвици и тестирање на делот за планирање, логистика и лидерство, ги реализираа на армискиот полигон „Криволак“ и во Кампот за обука на вода во Охрид.

Условите и разновидниот терен што го нуди армискиот полигон „Криволак“, на белгиските припадници им овозможи користење на повеќе видови оружје и опрема, во насока на усовршување на елементите за поддршка и спроведување на различни видови копнени маневри.

Интензивната обука во реални и сложени теренски услови, истовремено се одвиваше и на Охридското Езеро каде што белгиските нуркачки тимови спроведуваа обука за инфилтрација на лесни бродови и извидување на вода.

За време на обуката беше реализиран и Ден за високи гости на кој присуствуваа амбасадорот и одбранбеното аташе на Кралството Белгија, Пол Ламберт и полковник Давид Ламбинс, директорот на Генералштабот на македонската Армија, бригаден генерал Орце Јордев, и командантите на Полкот за специјални операции и на Баталјонот за специјални сили, полковник Кристоф Ван Поеке и полковник Благој Наумов, кои имаа можност да проследат дел од вежбовните активности и да се уверат во соработката меѓу претставниците на двете сојузнички армии.

Посебна благодарност за ОА на Кралството Белгија, полковник Ламберт за фотографиите од реализираните активности на специјалните слики на Кралството Белгија. ■





# Министерот Мисајловски во штипската касарна „Јане Сандански“: Градиме модерна инфраструктура

„Денеска може да видиме еден целосно готов објект, но и еден објект којшто речиси 70% е веќе завршен, така што очекувам дека следниот месец комплетно ќе биде завршен овој објект. Ова се само дел од објектите што ги реконструираме“, рече министерот за одбрана Владо Мисајловски при посетата на касарната „Јане Сандански“ во Штип и увидот во градежните активности кои се реализираат во моментов во оваа касарна.

Министерот Мисајловски додаде дека, оваа година се планираат седумнаесет нови проекти и дека во моментов се започнати проекти за реконструкција на објекти кои се значајни за Армијата, а веќе се подготвуваат и проекти и за Домот за Армијата, за хотелот „Шар“ на Попова Шапка, како и за Воениот хотел „Илинден“. Мисајловски истакна дека паралелно се работи на проектирање за изградба на  нови капацитети за потребите на Армијата и за Воената академија.

Министерот Мисајловски нагласи дека со ова се покажува грижа за нова модерна инфраструктура, но и дека ‚истовремено и паралелно се вложува во модернизација, во опрема и во човечки капацитети, а сето тоа е возможно затоа што ова не е проект на министерот, ова е проект на вредните луѓе коишто работат во Министерството и Армијата. ■





# Новиот заменик-министер за одбрана, Адмир Шабани, стапи на функција

Во Министерството за одбрана, министерот Владо Мисајловски му посака добредојде на новиот заменик-министер за одбрана Адмир Шабани, кој стапи на оваа функција.

На првата работна средба, министерот Мисајловски му посака успешна работа и многу успех во извршувањето на оваа одговорна функција. На средбата се разговараше за тоа кои се приоритетите за наредниот период и за заедничката посветеност кон унапредување на одбранбениот систем и развојот на Армијата.

„Ќе продолжиме да работиме посветено на зајакнувањето на одбранбените капацитети и на исполнувањето на нашите обврски кон државата и кон граѓаните со заедничка работа, координација и интензивна соработка", рече министерот Мисајловски. ■



# Годишни билатерални консултации со НАТО

Тим од Министерството за одбрана, предводен од државниот секретар, Елизабета Чуповска-Ристова, и тим од НАТО, предводен од директорот за одбранбено планирање во Алијансата, Карл Форд, ќе ги реализира редовните годишни билатерални одбранбени разговори.

Државниот секретар, Чуповска-Ристова, на отворањето на билатералните консултации истакна дека земјава е целосно посветена на развојот на одбранбените капацитети и на исполнувањето на НАТО целите на способности.

„Армијата се опремува според плановите, факт што е потврден и преку годинешниот одбранбен буџет, кој е најголем досега и изнесува 358 милиони евра. Од одбранбениот буџет, 32,5% издвојуваме за модернизација и опремување, што е за 10 милиони евра повеќе за оваа намена од минатата година. Тоа ја покажува нашата посветеност на дело", рече Чуповска – Ристова.

Во рамки на разговорите ќе бидат опфатени повеќе клучни теми во одбраната, меѓу кои и одбранбените планови, финансиите и човечките ресурси.

Билатералните одбранбени разговори со Алијансата се реализираат на годишно ниво, во рамките на НАТО процесот за одбранбено планирање. ■








# Лафчиски во Пентагон: Потврдена силната соработка помеѓу македонската и американската армија

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во рамки на повеќедневната работна посета на Вооружените сили на Соединетите Американски Држави, во Пентагон, во Вашингтон, оствари средби со повеќе високи воени претставници на САД, при што беше потврдена долгогодишната соработка и партнерство помеѓу двете армии. За време на средбата со заменик-претседавачот на Здружениот генералштаб на Вооружените сили на САД, генералот Кристофер Махони, беше истакнато тридецениското партнерство помеѓу двете армии и придонесот на македонската Армија во регионалната и глобалната безбедност. Генералот Лафчиски ја нагласи посветеноста на нашата армија, преку учество во мировни мисии и активности на НАТО, при што го истакна и македонското учество во иницијативата „Forward Land Forces“ во Бугарија, во Романија и во Летонија.

На средбите во Пентагон беше разговарано и за процесот на модернизација на Армијата, кој се оценува како најголем во нејзината историја. Во тој контекст, Лафчиски информираше за опремувањето со новите лесни оклопни возила „Stryker“, како и за набавката на современи хаубици и друга воена опрема. Особено внимание беше посветено и на претстојната вежба „Блесок 26“, која треба да ја оцени борбената готовност на Лесната пешадиска баталјонска група.

Во рамки на посетата, генерал Лафчиски оствари средба и со началникот на Генералштаб на Армијата на САД, генерал Ренди Џорџ, на која беа споделени искуства за современите безбедносни предизвици и за развојот на нови воени способности, особено во справувањето со закани од беспилотни летала и беспосадни системи. Дополнително, се



разговараше и за стратешкото значење на армискиот полигон „Криволак“, како еден од најголемите капацитети за изведување обука и воени вежби во регионот, како и за можностите за понатамошно инфраструктурно унапредување и модернизација на полигонот.

Во текот на посетата, македонската делегација се сретна и со началникот на Г-8 на Армијата на САД, генерал-потполковник Питер Бенхоф, како и со претставници од Директоратот за одбранбена соработка на САД, при што беа разгледани процесите кои се поврзани со опремувањето и модернизацијата на мнашата армија. Генералот Лафчиски присуствуваше и на церемонијата за примопредавање на должноста командант на Националната гарда на Вермонт, каде што оствари средба со новиот командант, генерал-мајор Хенри Хардер. Работната посета на македонската делегација претставува уште една потврда за силното партнерство и континуираната соработка помеѓу Армијата на Северна Македонија и Вооружените сили на САД, која е насочена кон унапредување на заедничките способности, регионалната стабилност и справувањето со современите безбедносни предизвици. ■





# Одбележани историски настани

Пишува: Тони Мицевски

По повод 34-годишнината од преземањето на првите караули, „Рамна Нива", „Деве Баир" и "Коприва" од единиците на Територијата одбрана од Крива Паланка на 11 март 1992 година, претставници на ОРОРСМ ја посетија караулата „Рамна Нива", која е прва преземена од трите караули, за да го одбележат овој многу значаен ден, кој е од историско значење за македонската армија и македонската државност.

На одбележувањето на овој настан, учествуваше делегација на резервни офицери и подофицери од Извршниот одбор ООЕ на ОРОРСМ Крива Паланка, предводена од претседателот Зоран Милковски, придружуван од делегатот во Собранието на ОРОРСМ Ленче Велиновска, Веселин Стојановски, Видан Петровски и други членови на ИО на ОРОРСМ Крива Паланка, како и делегација на ОРОРСМ предводена од претседателот на Градската организациона единица на Скопје, Никица Бангиева. На одбележувањето на овој значаен историски настан присуствуваа и претставници на Полициската станица „Деве Баир“. Делегацијата се построи пред јарболот каде за прв пат на гранична караула во далечната 1992 година се развеа македонското знаме. По тој повод, Веселин Стојановски прочита пригоден реферат за значењето на 11 Март, додека резервниот постар водник, Видан Петровски, кој во тоа време ја извршувал функцијата заменик-командир на караулата, евоцираше спомени од овој значаен настан. На одбележуваето на овој значаен настан присуствуваше и претседателот на ОРОРСМ, кој овој ден го одбележува како Ден на Центарот за резервни сили.

По повод Денот на ООЕ на ОРОРСМ Виница, гордо и достоинствено се организираше одбелеување на 25-годишнината од загинувањето на капетанот Кирчо Димитриов, кој како припадник на безбедносните сили загина во воениот конфликт во 2001 година во близина на Танушевци, во местото викано Рамно, заедно со водниците Дејан Јакимовски од Куманово и Теодор Стојановски од Драчево. Овие тројца припадници на безбедносните сили ги дадоа своите млади животи за одбраната на татковината. ОРО и Општина Виница, во нивна чест, 25 години достоинствено го одбележува овој датум со сите почести кои ги заслужува еден херој како капетанот Кирчо Димитриов. Воедно, им беше оддадена почит на сите бранители кои ја пролеаа својата крв во одбрана на ова парче македонска земја. Пред спомен-бистата, на присутните им се обрати д-р Гоце Георгиев, делегат во Собранието на ОРОРСМ од Виница, а потоа и повеќе делегации на потесното семејство на капетанот Димитриов, ОРОРСМ, градоначалникот на Општина Виница, припадници на Армијата, на МВР и други кои положија свежо цвеќе. ■



# Изложба на макети, диорами и минијатури во организација на Макетарскиот клуб „Мајор Михајло Ивановски-Микс"

Во периодот од 27 февруари до 1 март 2026 година, во просториите на Центарот за култура „Јадро" во Скопје, се одржа осмата по ред изложба на макети, диорами и минијатури, како и шестиот по ред „Куп Скопје". Настанот беше организиран од Макетарскиот клуб „Мајор Михајло Ивановски-Микс" од Скопје. Макетарскиот клуб „Мајор Михајло Ивановски-Микс" ги бележи своите почетоци во јануари 2015 година. Клубот го носи името на прерано починатиот воен пилот и наставник по летање, мајор Михајло Ивановски-Микс – извонреден човек, колега и другар, како и страствен вљубеник во воздухопловното моделарство, особено во воената авијација од периодот на Втората светска војна, познат меѓу пријателите како „Ред Барон". Свеченото отворање на изложбата се одржа на 27 февруари 2026 година, додека наредниот ден беше посветен на изложбениот дел. На изложбата беа прикажани повеќе од 200 макети, диорами и минијатури од домашни и странски изложувачи од регионот и пошироко. Поставката беше со голем интерес посетена како од намерни, така и од случајни посетители, што се должи и на одличната локација на Центарот за култура „Јадро", сместен во срцето на градот, во непосредна близина на Градскиот парк. ■









# СТРАНСКИ БОРЦИ

Пишува: д-р Златко Кузманов

Терминот „странски борци" (foreign fighters), поинтензивно започна да се користи за време на војната во Ирак и подоцна во Украина, кога лица од странски држави, пред сѐ за финансиски надоместок, се приклучуваа во вооружените формации на страните во конфликтот. Лицата од државите кои не се директно вклучени во конфликти, а земаат учество во вооружени судири, обично се нарекуваат „доброволци", кога нивниот мотив произлегува од убедувањето и идеологијата. Од друга страна, има и т.н. „платеници", кога нивниот основен мотив е финансиската корист од таквото ангажирање. Со започнување на воениот конфликт во Сирија и со појавата на ИСИС, странските борци станаа масовен феномен и закана по националната, регионалната и меѓународната безбедност. Странските борци потекнуват од различни земји и имаат различна религиозна припадност. Во војната во Сирија најбројни беа странските борци кои се бореа на страната на силите на т.н. „Исламска држава". Во достапната литература и во јавните извори на податоци има различни формулации со кои се нарекуваат лицата кои противзаконски се ангажираат во воените конфликти и кризни региони. Така, може да се сретнат термините „екстремисти", „странски доброволци", „странски терористички борци", „странски екстремисти", „странски џихадисти", „воени профитери", „терористи" и другу имиња. При објаснувањето на поимите, треба да се прави разлика помеѓу категоријата странски борци, локалните борци во герилски или бунтовнички движења и класичните терористи, бидејќи не се очекува сите странски борци да станат и терористи. Со цел да извршиме анализа на овој феномен, најпрво ќе го дефинираме поимот „странски борци".

Во отворените извори на информации, под поимот „странски борци" се подразбираат лица кои ја напуштаат нивната земја на потекло или постојано место на живеење за да се приклучат во вооружен судир на недржавни, односно нелегални вооружени групи во странство и кои се мотивирани првенствено од идеологија, вера, материјална добивка или роднински врски. Националните држави, соочувајќи се со поголемиот број странски борци и со потребата за прецизно регулирање на нивниот статус во кривичните закони, последните години по брза постапка извршија дополнувања на одредбите во нивните закони и ги ажурираа содржините во Стратегиите за национална безбедност и Стратегиите за борба против екстремизмот. Така, според Националната стратегија за борба против насилниот екстремизам на Владата на Република Албанија, под „странски борци" се подразбираат: „Поединци кои заминуваат во други држави, надвор од својата држава на потекло или ако имаат државјанство на таа држава, со цел да извршуваат, планираат, подготвуваат или да учествуваат во терористички активности или да обучуваат други лица, односно да поминат обука за терористи, вклучувајќи и обука за вооружен судир."

Во Казнениот закон на Босна и Херцеговина за странски борец се смета лице кое спроведува активности поврзани со „противзаконско формирање и приклучување на паравоени или парополициски формации." Во Република

Црна Гора, со дополна на Кривичниот закон, се воведува ново кривично дело „Учество во странски вооружени формации“. Во Стратегијата за спречување на насилен екстремизам 2016–2018 година, која е донесена од Владата на Црна Гора, под терминот „странски терористички борци“, се подразбираат „лица кои спротивно на законот и други прописи или правила на меѓународното право, убедуваат, регрутираат, подготвуваат, организираат, раководат, превезуваат или организираат превоз или обучуваат поединци или група на луѓе, со намера да се приклучат или да учествуваат во странски вооружени формации кои делуваат надвор од територијата на Црна Гора.“ Во согласност со потребата и наведените тенденции на државите во регионот, нашата држава во септември 2014 година го приспособи своето кривично законодавство, со цел да се допрецизираат активностите на „странските борци“ како кривично дело. Во измените на Кривичниот законик се наведува: „Државјаните на Република Македонија, кои спротивно на законот ќе учествуваат или ќе се обучуваат од страна на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се соочат со затворска казна од најмалку четири години“. Исто така: „Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе биде казнет со затвор од најмалку пет години.“

Значајно е накратко да кажеме и за профилот на лицата кои стануваат „странски борци“. Како пример можеме да ги анализираме податоците за лицата кои се приклучуваа во редовите на т.н. „Исламска држава“. Главно се работи за млади лица (во просек на возраст од 20 до 35 години), кои во голем број случаи имаат криминално минато, биле дискриминирани, понижени или маргинализирани (или така се чувствуваат) во средината од која потекнуваат, односно генерално во општеството. Добар дел од нив имаат и психо-социјални проблеми и со различен интензитет се радикализираат, злоупотребувајќи ја верата. Процесот на нивна радикализација може да се одвива во релативно краток временски период. Начините за нивна радикализација се различни. Дел се одвива преку регрутните центри, дел преку пропаганда која ИСИС ја спроведува преку интернет мрежата, а дел се одвива во верски објекти и особено во затворите, каде што веќе осудените лица издржуваат затворски казни. Ова подразбира дека некое лице може да биде регрутирано и без да патува во други држави, каде што ИСИС имаше свои јаки центри. Таквите лица се директна закана и за безбедноста на нивната матична држава. Лицата кои се регрутирани, односно изложени на „авторадикализација“ и не патувале во воените и кризни региони на Блискиот исток и немале контакти и врски со ќелиите на ИСИС (или Ал Каеда) во нивните држави, многу потешко можат да бидат откриени од разузнавачко-безбедносните служби. Дел од потенцијалните помлади екстремисти, особено од државите од Западна Европа, не се премногу радикализирани на верска основа, но заради солидарноста и епатијата со сонародниците од иста верска припадност, се обидуваат да се однесуваат како верски екстремисти, што ги прави уште поопасни. Менталните проблеми, проблемот со идентитетот, недоволното образование, невработеноста и комплексот на помала вредност се фактори кои ги прават потенцијалните екстремисти примамлива цел за терористите и терористичките организации, односно цел за „брза радикализација и регрутација“. На таквите лица многу полесно може да им се наметне „свест на припадност“ и „емоционално исполнување“, кое тие го немаат во нивниот „отуѓен свет“. Затоа во многу терористички напади, за таквите лица, најчести пресудни моменти за дејствување се разни случувања во светот (странски интервенции во државите од каде што таквите лица оригинално потекнуваат, присилно етничко, или верско раселување на припадници на нивната етничка заедница), како и „приватни случаи“ (смрт на блиска личност, понижување, губење на работата, прекинување на школување или други примери на повеќекратни неуспеси).

Можеме да констатираме дека, со постепените успеси на меѓународните коалициски сили во борбата против тероризмот, каков што беше примерот против инсталациите на „Ал Каеда“ и на ИСИС, се зголемува и бројот на странски борци-повратници и на нивните семејства од Западна Европа и Балканот. Миграциските бранови и понатаму ќе се користат за враќање на странските борци. Изминативе годинини безбедносните служби на европските држави проценуваа дека од територијата на Сирија и на Ирак се вратиле голем број од странските борци. Дел од верски, радикализираните странски борци, при нивното враќање во европските држави, ќе биде идентификувани и судски процесуирани, а дел нема да бидат откриени и ќе бидат константна опасност и закана за безбедноста во нивните држави. ■

**Основни карактеристики на поимот „странски борци“**

-странските борци не се државјани на земјите во конфликтот;
-тие се приклучуваат на една од завојуваните страни во герилската или бунтовничка борба;
-не се поврзани со официјална воена организација;
-најчесто се платени, но финансискиот мотив не мора да биде примарен;
-потекнуваат од различни држави во светот, се приклучуваат, заминуваат и повторно како повратници-борци се враќат во нивните матични држави;
-најчесто се екстремисти со радикални убедувања и во значителен број случаи стануваат и терористи.



# АКТУЕЛНИ НАСТАНИ ВО НАТО (7) ОДВРАЌАЊЕ И ОДБРАНА НА АЛИЈАНСАТА

## (Сили на источното крило на НАТО)



Пишува: полковник Драган Павловски

На Вашингтонскиот самит во 2024 година, лидерите на НАТО презедоа чекори за да се осигурат дека сојузниците ги обезбедуваат силите, капацитетите, ресурсите и инфраструктурата потребни за извршување на плановите за колективна одбрана на НАТО. Овие регионални планови, одобрени во 2023 година, ги опишуваат стратегиите на НАТО за заштита на различни области на Алијансата. Воедно, тие се најсеопфатните и најамбициозните планови усвоени од крајот на Студената војна. Сојузниците продолжија да го исполнуваат Моделот на сили на НАТО, поврзувајќи ги своите сили и капацитети директно со новите регионални планови. Како резултат на тоа, НАТО ги зголеми силите со висока подготвеност на 500.000 борбено-способни војници во сите домени.

Алијансата, исто така, ја зајакна својата командна структура. Во јануари 2024 година, новата Команда на Здружените сили во Норфолк (Вирџинија, САД) се придружи на постојните команди во Неапол (Италија) и Брунсум (Холандија). По реструктурирањето, Командата во Норфолк ќе ја преземе одговорноста за Арктикот, Данска, Финска, Гренланд, Исланд, Норвешка, Шведска и Обединетото Кралство. Сојузниците, исто така, ја проширија структурата на Командата на НАТО и доделија клучни улоги на низа национални и мултинационални штабови. Овие промени ја подобруваат способноста на НАТО да спроведува целосен спектар мисии (вклучително и операции со повеќе домени и во голем обем за колективна одбрана), да управува со својата позиција во мирно време и да обезбеди непречена транзиција од мирно време во услови на криза и конфликт.

Во 2024 година, сојузниците продолжија да распоредуваат силни и борбено подготвени сили на источното крило на НАТО. Предното присуство на НАТО се состои од осум мултинационални борбени групи на Предните копнени сили, обезбедени од рамковните земји и други сојузници кои придонесуваат на ротациона основа. Амбициозната програма на вежби ја покажа способноста на Предните копнени сили брзо да се зајакнат и да нараснат до ниво на бригада. Сојузниците, исто така, се согласија да воспостават деветти елемент на Предните копнени сили во Финска.

Членките продолжија да ја тестираат и потврдуваат способноста на НАТО да преместува трупи од, во и низ Европа. Потврда за тоа е реализацијата на најголемата вежба на НАТО во последните децении, позната како „Steadfast Defender", каде што учество зедоа над 90.000 војници од сите 32 членки. Оваа вежба ја тестираше логистичката мрежа на НАТО од Арктикот до јужното крило на Алијансата, вклучително и за распоредување засилувања од големи размери од Северна Америка до Европа. Сојузниците идентификуваа можности и предизвици поврзани со распоредувањата од големи размери. Вежбата ја нагласи важноста од соработка со цивилните агенции и индустријата за поддршка на воените сили во голем обем и со голема брзина.

Новите мултинационални, повеќедоменски и високоподготвени сојузнички сили за реакција на НАТО станаа оперативни во јули 2024 година. Силата е изградена околу лесна пешадиска бригада, со поморски и воздушни единици, сили за специјални операции, сајбер- и вселенски сили, со логистички и стратешко-комуникациски елементи. Тие можат да дејствуваат во рок од 10 дена, вклучително и како одговор на кризи или други нови ситуации. Активностите за будност на НАТО ѝ помагаат на Алијансата да ги заштити своите една милијарда граѓани низ зоната на одговорност на SACEUR во копнените,

воздушните, поморските, киберпросторните и вселенските домени. Сите активности на НАТО на нејзиното источно крило се одбранбени, пропорционални и целосно транспарентни. Тие имаат цел да изградат доверба, да спречат погрешно толкување и точно да ја пренесат одбранбената намера на Алијансата. Кредибилната позиција за одвраќање и одбрана се потпира на соодветна логистика. На самитот во Вашингтон, сојузниците се согласија да ја зајакнат способноста на НАТО да ги движи, зајакнува, снабдува и одржува силите, вклучително и преку ефикасна и отпорна логистика, со развој на „коридори за мобилност". Исто така, продолжија напорите да се обезбеди потребната логистичка поддршка за сојузничките сили низ целата област на одговорност на SACEUR.



НАТО мора да биде подготвен да ги одврати и да ги брани своите граѓани, територија и вооружени сили од воздушни и ракетни напади. Интегрираната воздушна и ракетна одбрана на НАТО се одвива во мирно време, во кризни и конфликтни услови и придонесува за неделивата безбедност и слобода на дејствување на Алијансата, вклучувајќи ја и нејзината способност да зајакне и да одговори на секоја закана. Во 2024 година, воздухопловните сили и единиците за воздушна и ракетна одбрана долж источниот дел спроведоа засилен надзор на воздушниот простор и засилени активности за будност, вклучително и мисии за патролирање во воздушниот простор. НАТО, исто така, ја зајакна својата ситуациска свест преку воздушна тревога и разузнавање, надзор и извидување. Преку својот Ротациски интегриран модел за воздушна и ракетна одбрана, воспоставен во 2023 година, НАТО обезбедува редовна обука и ротационо присуство на современи системи и капацитети за воздушна одбрана низ евроатлантската област, со почетен фокус на источниот дел.

Пролиферацијата на воздушните и ракетните капацитети – од дронови до хиперсонични ракети – се претвора во покомплексна средина на закани, која НАТО продолжува внимателно да ја следи. Хиперсоничното оружје и понатаму останува посебна загриженост. Тоа не ја следи конвенционалната балистичка траекторија, но останува многу маневрирачко при повторното влегување во атмосферата, што го отежнува пресретнувањето. НАТО внимателно ги следи сите аспекти на нивното распоредување и еволуција и продолжува да истражува како најдобро да ги ублажи поврзаните ризици. Ракетите летаат со екстремно голема брзина, односно со околу и над 12.000 километри на час, па затоа е речиси невозможно да бидат пресретнати.

Заканата од балистичките ракети, исто така, се зголемува. За да ги одбрани сојузниците од оваа закана, одбраната од балистички ракети на НАТО се потпира на доброволни национални придонеси, вклучително и национално финансирани пресретнувачи и сензори. Таа е, исто така, заснована на командно-контролниот столб, испорачан преку Програмата за одбрана од балистички ракети на НАТО, која вообичаено е финансирана од сите сојузници. Соединетите Американски Држави остануваат клучен придонесувач кон одбраната од балистички ракети на НАТО преку нивниот Европски фазен адаптивен пристап.

Во јули 2024 година, нова локација за балистичка ракетна одбрана на САД стана оперативна; таа беше распоредена во Реџиково, Полска. За да се одбележи оваа пресвртница, на самитот во Вашингтон шефовите на држави и влади на сојузниците прогласија подобрена оперативна способност за одбрана од балистички ракети. Локацијата стана дел од поголемата мисија за балистичка ракетна одбрана на НАТО за откривање, следење и пресретнување балистички ракети во лет. Целта на одбраната од балистички ракети на НАТО е ориентирана кон спротивставување на балистички ракети што доаѓаат надвор од евроатлантската област, особено од Иран. Други елементи на оваа мисија вклучуваат и дополнителна локација на САД, која се наоѓа во Романија, разорувачи на американската морнарица кои работат од Рота, Шпанија, како и радарски систем за рано предупредување во Куречик, Турција. ■





# Лидерство наспроти командување



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

## Подофицерскиот кор низ призма на НАТО-доктрината за „Command and Control“ и современиот подофицер

Според НАТО-доктрината, конкретно AJP-01 – Allied Joint Doctrine, командувањето претставува законска и професионална одговорност на старешината, додека лидерството е средство преку кое таа одговорност се реализира. НАТО јасно прави разлика помеѓу authority, responsibility и leadership influence – три столба кои мора да бидат во рамнотежа.

Подофицерскиот кор, како што е препознаен во повеќето НАТО армии, е клучен носител на tactical-level leadership – директното спроведување на commander's intent на најниското, но најкритично ниво. Во ваквата структура, првиот подофицер на чета и главниот подофицер на баталјон не се само советници – тие се чувари на стандардите, коректори на девијациите и носители на командната култура.

Армијата на Република Северна Македонија, како НАТО членка, го прифаќа овој модел.

### „Mission Command“: Слобода со јасни граници

„AJP-3“ и „AJP-5“ го дефинираат „Mission Command“ како филозофија што се темели на:

- јасна намера на командантот
- децентрализирано извршување
- иницијатива на подредените
- заемна доверба

Mision Command бара уште појасна формулација на задачите, ограничувањата и очекуваниот краен ефект (end state).

Првиот подофицер на чета е критична.

Првиот подофицер:

- ја трансформира намерата на командантот во разбирливи стандарди за водовите
- обезбедува униформност (еднообразност) во спроведувањето
- врши непосредна контрола на дисциплината и борбената готовност
- е прв индикатор дали намерата на командантот се реализира или се губи во извршувањето

На баталјонско ниво, главниот подофицер има уште пошироко влијание:

• советува за реалната изводливост на задачите
• ја следи состојбата на подофицерскиот кор
• обезбедува вертикална кохезија помеѓу командната намера и тактичката реалност

Тој (главниот подофицер) не командува наместо командантот, но обезбедува наредбата и крајната цел да функционираат.

### Директно лидерство и командно присуство

На тактичко ниво, доктрината нагласува:
• командно присуство
• јасност на наредбите
• доследно спроведување на стандардите

Првиот подофицер на чета е персонификација на командното присуство. Ако тој избегнува корективни мерки, компромисот станува правило. Ако стандардите не се спроведуваат на негово ниво, тие нема да се спроведуваат никаде.

Главниот подофицер на баталјон е гарант дека стандардите помеѓу четите се унифицирани. Неговото влијание е хоризонтално – тој обезбедува баталјонот да функционира како целина, а не како збир на различни практики.

Погрешното изедначување на директното лидерство со авторитарност создава воздржаност во командувањето. Во услови на ограничено време, висок ризик и динамична средина, одлуката мора да биде брза и недвосмислена. Подофицерот не смее да биде пасивен набљудувач – затоа што тој е активен спроведувач.

### Делегирање: развој без губење на командата

Во НАТО-рамките, делегирањето е алатка за:
• развој на идни лидери
• зголемување на адаптабилноста
• јакнење на иницијативата

Сепак, во овие рамки одговорноста останува кај старешината и таа е исклучиво негова. Во контекст на подофицерскиот кор, првиот подофицер може да делегира подготовка, проверка или извршување, но:
• мора да дефинира стандарди



• мора да следи
• мора да коригира

Главниот подофицер на баталјон има клучна улога во надзорот над тоа дали делегирањето на четно ниво е контролирано или создава лидерски вакуум. Ако тој не интервенира навремено со совет или насока, празнината во командувањето станува системски проблем.

### Демократско лидерство, ПИД и авторитет на одлучување

Прегледот по извршено дејствие (ПИД) е суштинска алатка за учење. Во тие рамки, демократскиот пристап е пожелен.

Сепак, секој припадник на македонската Армија е свесен дека:
• консултацијата не значи колективно одлучување
• учеството не значи губење на авторитетот

Врз основа на горенаведеното, а согласно искуството, првиот подофицер мора да знае кога дискусијата завршува и кога започнува извршувањето. Воедно, главниот подофицер мора да осигура дека ПИД не се претвора во формалност, туку во реален механизам за подобрување на извршувањето на суштинските задачи од мисијата и учење од грешките. Реалниот ПИД единицата го користи за подобрување на своите перформанси и намалување на несакани ситуации во иднина. Сите сме свесни дека доколку авторитетот се релативизира, се нарушува единството на командување и се губи операциското темпо.

### Доктринска рамнотежа – особено на ниво чета и баталјон

НАТО-доктрината не поставува дилема помеѓу лидерство и командување. Таа бара нивна интеграција.

Поради тоа, првиот подофицер на чета е:
• чувар на дисциплината
• спроведувач на стандардите
• директен пример за професионализам
• столб на борбената готовност

Главниот подофицер на баталјон е:
• советник на командантот
• интегратор на подофицерскиот кор
• гарант на кохезија и професионална култура
• коректор на системски слабости

Современиот подофицер мора да биде:
• лидер кој мотивира
• команден авторитет кој одлучува
• професионалец кој презема одговорност
• чувар на стандардите без компромис

Затоа во Армијата мора да биде јасно дефинирано дека во современите операции лидерството создава доверба, но командувањето обезбедува извршување.

Ако се знае дека таму каде што првиот подофицер и главниот подофицер ја разбираат и живеат оваа рамнотежа – единицата не само што функционира, туку доминира во извршувањето на мисијата. ■




# Искористеноста на моќта на регионалните одбранбени иницијативи: Централноевропска одбранбена соработка (CEDC)



Пишува: Габријела Ѓорѓевиќ

Во услови на динамична и комплексна безбедносна средина, регионалните одбранбени иницијативи претставуваат еден од најефикасните механизми за градење стабилност, доверба и заедничка отпорност. Тие овозможуваат државите со заеднички геостратегиски интереси да ги усогласат политиките, да споделуваат ресурси и експертиза и да развиваат комплементарни капацитети, наместо да делуваат изолирано.

Моќта на овие иницијативи лежи во нивната практична ориентираност – преку заеднички вежби, координирано планирање, развој на способности и размена на информации, се создава реална оперативна интероперабилност и побрз одговор на кризи. Регионалната соработка не е алтернатива, туку надградба на пошироките безбедносни рамки на НАТО и Европската Унија.

Централноевропската одбранбена соработка (CEDC) е регионална одбранбена иницијатива со едногодишно ротирачко претседателство помеѓу земјите членки, основана со цел да се зајакне воената соработка и безбедносната координација меѓу неколку земји од Централна Европа. Таа се фокусира на подобрување на заштитата на границите, управувањето со кризи и интероперабилноста како одговор на регионалните предизвици, како што се миграцијата и хибридните закани. Формирана е 2010 година како форум за министрите за одбрана од Централна Европа за координација на политиките и воената соработка. Иницијативата ги надополнува, но не ги заменува обврските во рамките на НАТО и Заедничката безбедносна и одбранбена политика (CSDP) на Европската Унија. Земји членки се Австрија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Словачка и Словенија, додека Полска има статус на набљудувач. Република Северна Македонија како дел од регионот на Западен Балкан (CEDC+WB), активно соработува од 2016 година заедно со Албанија, БиХ, Косово, Србија и Црна Гора. ПДоколку се направи компаративна анализа на случувањата нана-

зад во периодот 2020–2025 и темите за дискусија на предметните состаноци, може да се види дека иницијативата ги следи актуелните безбедносни случувања и тежнее кон актуелизирање на моменталните безбедносни прашања, со цел активна регионална соработка.

Во 2020 година, безбедносна соработка беше фокусирана на пандемијата и управување со кризата COVID-19. Безбедносните дискусии беа внатрешно насочени кон отпорност, управување со кризи и хибридни закани произлезени од пандемијата. Следната 2021 година, иако сеуште под влијание на пандемијата, во фокусот се додаваат и хибридните закани, како и Стратешкиот компас на ЕУ. Ова претставува премин од реактивно управување со кризи кон структурирано усогласување со безбедносната архитектура на ЕУ. 2022 година е пресвртна година, каде агресијата на Русија врз Украина суштински ја менува агендата. Силен акцент се стави на регионалната стабилност во ЈИЕ и забрзување на наративот за интеграција во ЕУ, фокус на мисијата „EUFOR Althea" и регионалните операции. Безбедносните дискусии станаа геополитички и стратешки, наместо ориентирани кон управување со кризи. Западен Балкан беше позициониран како стратешки безбедносен простор.

Во 2023 година, доаѓа до институционализација и развој на способности со фокус на сајбер-одбраната и хибридната отпорност, зголемена употреба на Европскиот мировен инструмент (EPF), како и поврзување на глобалните конфликти (Украина, Блискиот Исток) со регионалната безбедност. Овде може да се види премин од политичка поддршка кон конкретни механизми како што се финансиски и образовни инструменти и алатки за развој на способности. Забрзување на интеграцијата во ЕУ и оперативната координација е доминантна тема во 2024 година. Интеграцијата во ЕУ е дефинирана како суштинска за европската безбедност, како и потребата од зајакната одбранбено-индустриска соработка. Безбедносната интеграција беше третирана не само како политичка поддршка, туку како безбедносен императив. Во 2025 година преминот се огледа во структурно продлабочување и одбранбено-индустриска димензија. Се воведуваат заеднички консултации на директори за одбранбена политика и директори за национално вооружување на земјите членки на CEDC, се става акцент на одбранбено-индустриската соработка и зајакнување на отпорноста на хибридните закани. Ова покажува дека CEDC се движи кон институционална длабочина, индустриска интеграција и долгорочна структурна соработка.

Трендовите во „CEDC+WB" (2020–2025) јасно покажуваат трансформација од реактивен одговор на кризи кон стратешка, институционализирана и индустриски продлабочена одбранбена соработка. Фокусот се помести од пандемиска отпорност кон геополитичка безбедност, развој на способности, хибридна и сајбер отпорност, како и кон конкретни механизми на интеграција со инструментите на Европската Унија (EPF, CSDP). Западен Балкан се рефрамира како стратешки безбедносен простор, а не само како политика на проширување.

Што можеме ние да искористиме со проактивен пристап?

Со иницирање конкретни предлози (сајбер, хибридни закани, стратешки комуникации), можеме да се профилираме како контрибутор наместо само конзумент. Ова ќе значи позиционирање како кредибилен безбедносен актер. Нашата проактивна апликација и координација за користење на Европскиот мировен инструмент (EPF) и проектите во рамки на CSDP ќе овозможат максимално користење на инструментите на ЕУ за модернизација на капацитетите, подобра интероперабилност и финансиско олеснување на одбранбените приоритети. Нашето вкучување во одбранбено-индустриската соработка може да се реализира преку понуди за капацитети за одржување, логистика и обука со иницирање на регионални проекти и вклучување во одбранбената индустрија. Преку активно учество и можност за хостирање на активности на WBSDC, земјата може да ја зајакне својата експертска видливост и да изгради регионални мрежи. Континуираното учество во мисии како што се „EUFOR Althea" и „KFOR", ја засилува практичната интероперабилност и политичката кредибилност во рамки на иницијативата. Со јасно артикулирани позиции дека,а стабилноста на Западен Балкан е директно поврзана со безбедноста на Централна Европа, можеме да се наметнеме како „мост меѓу регионите".

Проактивниотодносkон„CEDC+WB", не е само прашање на учество, туку на стратегиско позиционирање. Во услови на продлабочување на безбедносната интеграција во рамки на Европската Унија и пошироката евроатлантска архитектура, имаме можност да го засилиме нашиот безбедносен кредибилитет, да ја забрзаме модернизацијата на одбраната, да ја зголемиме политичката тежина во регионалните формати и, најважно, да ја трансформираме иницијативата во инструмент за сопствена стратешка афирмација. Клучот е во иницијатива, континуитет и јасно дефинирани национални приоритети кои ќе се вградат во регионалната агенда.

Оттука, регионалните одбранбени иницијативи не се само платформа за соработка, туку инструмент за стратегиско позиционирање, зајакнување на националната безбедност и продлабочување на колективната одбранбена култура. Во време кога заканите се транснационални, и одговорот мора да биде таков – координиран, солидарен и регионално втемелен. ■



# ВОЈНИЧКИТЕ ЧИЗМИ НИЗ ИСТОРИЈАТА ДО ДЕНЕС



Пишува: Виктор Крстевски

**„Добрата чизма не те прави добар војник, но лошиот пар чизми те прави заробеник на сопствената болка“**
**Генерал Иан Хамилтон**

Кога ќе се спомне „војничка чизма“ кај генерациите што служеа во поранешната ЈНА (Југословенска народна армија), како и кај генерациите што служеа во почетоците на АРМ, се будат сеќавања на тешка, неудобна војничка чизма, на многубројните плускавци на стапалата од долготрајните маршеви, од строевиот чекор и од секојдневната обука на воените полигони, како и почит кон неверојатната издржливост и долговечност на чизмата што се задолжуваше на почетокот на воениот рок и се носеше до неговиот крај, а нeретко се предаваше и за повторно носење на наредните класи новопримени војници.

Првата организирана изработка на војнички чизми е забележана во времето на Римското Царство, кон крајот на I век, кога за потребите на римските легии почнале да се изработуваат чизми од дебела кожа наречени „Calceus“.

Современите војнички чизми во XXI век се високотехнолошки изработени, со употреба на квалитетни материјали и ергономија; воедно претставуваат лесни тактички чизми со композити, мембрани Gore-Tex, „Vibram“ ѓонови, анатомски стабилизатори, кевларски влошки, заштита од оган, антимински конструкции кај специјалните единици итн.

Во книгата „Design and Production of Combat Boot for Military“ се истакнува дека војничките чизми се дизајнирани исклучиво за воените сили, со цел опремување на војниците со обувки за извршување борбени операции, обука, паради и други церемонијални должности, при што треба да овозможат мобилност, стабилност и заштита во сурови теренски услови. Според истиот извор, врз основа на анализа на испитаниците во центрите за обука во американската војска, 70% од повредите за време на обуката настанале на стапалата и долните екстремитети како резултат на одредена несоодветност на војничките чизми, при што најчесто се наведуваат: мацерација на кожата (skin maceration), плускавци, метатарсалгија, различни отоци и повреди на зглобовите, скршеници, болки во колената и во долниот дел од ’рбетот итн. Војничките чизми според намената се делат на: борбени чизми, тактички чизми, пилотски чизми, парадни чизми, чизми за обука и

рововски чизми (Design project of multi-functional military boots, стр. 210).

Борбените чизми (Combat Boots) се најраспространет вид воена обувка. Дизајнирани се за заштита на стапалата во најразлични борбени сценарија, преку специфична конструкција со зајакнати капачиња за прстите, робусни ѓонови и водоотпорни материјали, за да се обезбедат долготрајност и отпорност во сурови услови, како и висока издржливост при максимална експлоатација.

Чизмите за обука (Training Boots) се користат во некои армии на НАТО. Наменети се за користење за време на воени вежби и тренинзи; дизајнирани се да издржат интензивна физичка активност, имаат мала тежина и се поевтини за изработка, бидејќи немаат исто ниво на заштита.

Војничките чизми треба да ги задоволуваат следниве критериуми: издржливост, универзалност, заштита и удобност.

### Издржливост

Војничките чизми треба да издржат големи експлоатациски оптоварувања во најразлични сурови временски и теренски услови, бидејќи логистичкото обезбедување со униформа и обувки при теренско и борбено ангажирање често е отежнато. Затоа се препорачува војниците во борбениот товар да носат и резервен пар војнички чизми. Од аналитичките испитувања на издржливоста на воената опрема е утврдено дека векот на траење на војничките чизми при секојдневно носење на планински, карпест терен, во просек изнесува од 3 недели до 5 месеци (FM 3-97.6 (90-6) Mountain Operations, стр. 5-8).

### Универзалност

Универзалноста ја опфаќа можноста еден модел војнички чизми да се носи и да се употребува во сите теренски, годишни и метеоролошки услови. Таа се постигнува кога чизмата се изработува од висококвалитетна еднослојна или двослојна, дебела говедска кожа што е исклучително издржлива и отпорна на оштетувања, со висока водоотпорност. Топлината на стапалата се регулира со носење летни и зимски чорапи (во поново време се користат и термочорапи од неопрен – Neoprene/Polychloroprene). Покрај универзалните модели, постојат и сезонски модели (летни и зимски чизми) и наменски модели (арктички, пустински, тропски, планински итн.).



### Заштита

Заштитата претставува најкомплексен сегмент: чизмите треба да бидат водоотпорни, да обезбедат заштита при ниски температури до −20 °C (умерена зима), да бидат отпорни на оган и топлина и да не се топат лесно, со краткотрајна огноотпорност до +200 °C. Ѓонот, како најдолен дел, треба да биде повеќеслоен: надворешен антилизгачки ѓон („Vibram" или сличен тип со длабок профил) за стабилност при движење и со ниска звучност (stealth) за да се избегне непотребно крцкање (важно при борбени операции). Средниот дел треба да биде од тврд материјал за заштита од пробивање од остри, тврди предмети. Внатрешниот горен дел треба да овозможи сместување различни влошки (антибактериски за топли периоди и тропско-пустински предели, термоизолациони за ниски температури, EVA или PU влошки што апсорбираат удари и кевларски влошки за заштита од помали експлозивни направи и мини). Петицата треба да биде од антишок-материјал, а над прстите и зад петицата треба да има вградена тврда заштитна облога. Овој тип заштита има цел да ги заштити прстите од удар при паѓање на тешки предмети (сандаци со оружје и муниција, канистри и буриња, тешки проектили при ракување, делови од вооружување со поголема тежина, особено кај тенкови и оклопни возила, како и нивни механизми итн.).

### Удобност

Удобноста се постигнува со дизајн што обединува квалитетни материјали: од една страна да обезбедат издржливост, а од друга да влијаат врз тежината, водоотпорноста и пропустливоста за внатрешната влага што настанува од потење на стапалата, преку употреба на текстил со активна мембрана (Gore-Tex, eVent или еквивалент). Дизајнот треба да предвиди просечна висина на чизмата од 20–25 см – доволно висока за заштита, без да ја ограничува подвижноста – додека тежината треба да изнесува 0,5–1 кг по чизма. Тешките чизми доведуваат до замор, болки, поспори маршеви, намалена мобилност итн. ■





# ЕТНИЧКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО ВОЕНИТЕ ОДНОСИ

Развојот на демократијата кон крајот на 20 век остана обележан со рапидно зголемување на проблемите од етничка природа, посебно на оние кои се јавуваат на релацијата етнички фактор – држава.

На почетокот на ова столетие се веруваше дека етничките проблеми ќе се решат сами по себе, под директно влијание на брзорастечкиот развој на модерното општество. Денес сме сведоци на еден набој што го носат овие проблеми, кои не само што не исчезнуваат, туку напротив, ескалираат. И покрај сите настојувања демократијата да се развива првенствено во контекст и во рамките на граѓанското општество во кое сите граѓани се еднакви и по ниедна основа не се дискриминирани, се покажа дека модерната држава мора да смета на влијанието на етничкиот фактор. Теориски значаен и провокативен аспект на генералниот проблем на етничкиот фактор е оној кој се однесува на неговата рефлексија врз структурата, положбата, па и функциите на државните репресивни органи (војската и полицијата).

Во потрага по точниот одговор за деликатноста и големата чувствителност кога се работи за проблемот во односот и влијанието на етничките групи и колективитети кон војската, мора да се тргне од карактеристиките на војската како институција од една страна, а од друга страна – од природата на етничкиот фактор во општеството.Воспоставувањето директна корелација меѓу војската и етничкиот фактор, во крајна линија, укажува на значајни одлики на целокупниот политички систем.

Секое истражување кое за свој предмет ја има војската, мора да води сметка за амбивалентноста која се јавува како нејзино амбивалентно својство. Државата е субјектот кој ја конструира, одржува и опремува војската, која како институција може да егзистира само во државата и заради неа. Истовремено, во однос на војската мора да се истакнат и следниве констатации: Секоја војска по правило е затворена, бирократска и хиерархиски устроена организација, која се одликува со посебни принципи на организирање, функционирање, форми на однесување и секоја има сопствен систем на вредности. Досега ниту една голема воена реформа не успеала да ги елиминира или да ги измени овие својства на војската. Војската, и покрај својата поврзаност со државата, успева да ја одржи својата корпоративна автономија. Војската претставува олицетворение на нацијата и на патриотизмот, но тоа не претставува пречка за егзистирање и на посебни војнички интереси. Дел од тие интереси се

Пишува: Редакција „ШТИТ“

детерминирани од социјалната, политичката или националната припадност на професионалниот, но и на поширокиот војнички состав. Доколку не се зборува за меѓуетничките проблеми и ако за нив јавно не се расправа, тогаш нивното доведување во контекст на воената сфера и војската најчесто претставува табу-тема.

Наједноставен пристап за да се покаже влијанието на етничкиот фактор во војската е оној којшто поаѓа од утврдувањето на бројните соодноси, односно кој ја преферира етничката (не)репрезентативност на војската. Меѓутоа, на овој начин се добива само една груба „црно-бела" претстава за ситуацијата, без да се навлезе во суштината и корените на проблемот. Доколку на јавноста и стане јасна претставата за етничката диспропорција на професионалниот етнички состав во однос на целокупната популација, може да се очекува дека ќе дојде до поткопување на легитимитетот, и на војската и на самата државна власт.

Со прашањето за етничкото заедништво на воената организација денес подеднакво се соочуваат и развиените и неразвиените земји, и во сите случаи тоа е мошне исполитизиран проблем. Проблем на сите цивилизирани и демократски држави е изградбата на модел на оптимални етничко-воени односи. Со ова прашање се соочуваат речиси сите современи држави: воспоставување на политички добро избалансирани и уставно-правно загарантирани односи меѓу националните малцинства, човековите права и демократијата. Начинот и успешноста на неговото решавање нужно се рефлектира на демократската суштина и перспектива на политичкиот систем, но и на неговата безбедност и одбранбена способност. Неопходно е, не само елиминирање на секој облик на дискриминација врз национална основа во војската, туку и пошироко, во системот на одбраната. Но, од друга страна, неопходно е и навремено и ефикасно реагирање во однос на евентуалните слабости кои можат да се појават внатре во одбранбениот систем, а кои би биле резултат на



нарушените меѓунационални односи во општеството.

Најконструктивен приод во решавањето на овие проблеми претставува оној кој се темели врз концепцијата на создавање и развивање на рационална основа на лојалност кај припадниците на националностите, по пат на вистинско признавање на нивните права и со отворање на реални можности за нивна целосна акомодација и во воената сфера. Затоа формалното акцептирање на моделот на граѓанска војска не мора авторматски да значи и успешно решавање на етничките проблеми на подолг рок, доколку потоа не следи целосна општествена акција во оваа насока.

Од друга страна, за да се постигне задоволително ниво на интеграција на националностите во рамките на воената организација, подеднакво се значајни и чекорите што ги презема политичката власт, но и политичките предводници на националностите.

За функционирањето на војската како национална институција, чија основна задача е обезбедување на слободата и независноста на државата, од пресудно значење е да остане стабилна во однос на сите евентуални политички и националистички „вируси" кои егзистираат во општеството. Во таа смисла, во етнички хетерогените заедници, од посебна важност е да не се дозволат внатрешни поделби врз национална основа кои директно ја нарушуваат нејзината кохезија и интерната солидарност. Таквата војска ќе стане дисфункционална и не ќе може да биде гарант ни на сопствениот интегритет, а уште помалку на одбраната на интегритетот на заедницата однадвор. Односите меѓу мнозинството и малцинството треба да се темелат на вистински заеднички интереси, а не на патернализам, хуманизам или на идеолошките убедувања на мнозинската елита. ■






# „Т129 АТАК“ – турскиот одговор на современото борбено поле

Во современите конфликти, каде што фронтовските линии се нејасни, а заканите се движат брзо и често се вклопени во цивилна средина, нападните хеликоптери повторно добиваат централна улога. Тие претставуваат спој на огнена моќ, мобилност и извидувачки способности – комбинација што ниту еден друг воздухоплов не може целосно да ја замени. Во таа категорија, „Т129 АТАК“ се позиционира како платформа создадена токму за ваков тип на војување.

Развиен како резултат на турската стратегија за намалување на зависноста од странски воени технологии, „Т129“ не е само борбен хеликоптер, туку и симбол на растечката самостојност на турската одбранбена индустрија. Проектот АТАК започнал како потреба за замена на постарите платформи во турските копнени сили, но прераснал во многу повеќе од обична модернизација.

Иако конструктивно се потпира на италијанскиот „А129 Mangusta“, турската верзија вклучува обемни модификации:

- редизајнирана авионика
- нови комуникациски и криптографски системи
- интеграција на турско прецизно наведувано вооружување
- локален софтвер за управување со борбени системи

Со тоа „Т129“ стана една од првите платформи каде Турција демонстрира способност за целосна системска интеграција, а не само производство по лиценца. „Т129“ е релативно лесен нападен хеликоптер, што му дава предност во агилноста, но тоа не значи дека е занемарена заштитата.

Хеликоптерот поседува:

- оклопна заштита на кабината и критичните системи
- редундантни хидраулични и електрични линии
- системи за намалување на инфрацрвениот потпис на издувните гасови
- самозапечатувачки резервоари за гориво.

Овие карактеристики се клучни за преживување во средини каде најголема закана не се тешките ПВО-системи, туку ракетни фрлачи од рамо (MANPADS) и тешки митралези.

Пишува: Редакција „ШТИТ“

### Погонска група и оперативна флексибилност

Двата LHTEC CTS800-4A мотори му обезбедуваат на „Т129“ одличен однос меѓу сила и маса. Ова е особено важно за операции во:

– планински региони
– високи температури
– средини со разреден воздух.

Во такви услови многу потешки хеликоптери губат дел од своите перформанси, додека „Т129“ ја задржува способноста за брзо искачување и агресивни маневри. Тоа го прави идеален за земји со сложена географија и топла клима.

### Дигитално бојно поле – улогата на авиониката

Современиот нападен хеликоптер е подеднакво „летечки сензор“ колку и „летечка артилерија“. Во таа смисла, „Т129“ има значајни предности.

Сензорска супериорност

Електро-оптичките и инфрацрвените системи овозможуваат откривање, следење и идентификација на цели на големи дистанци, дење и ноќе.

Интеграција со копнени сили

Комуникациските системи овозможуваат директна координација со единици на терен, вклучувајќи пренос на координати и видео во реално време.

„Helmet Mounted Sight“

Пилотот може да го насочи топот или ракетите едноставно со насочување на погледот, што драматично го намалува времето од откривање до дејство.

Ова го прави „Т129“ исклучително ефикасен во динамични средини каде целите се појавуваат и исчезнуваат за секунди.

### Вооружување

Огнената моќ на „Т129“ не е наменета за масовно уништување, туку за прецизни и контролирани удари.

Хеликоптерот располага со:

- топ од 20 mm, идеален за блиска поддршка, особено во урбани средини каде прецизноста е клучна
- UMTAS противтенковски ракети, кои овозможуваат уништување тешко оклопени цели од безбедна дистанца со различни режими на наведување
- CIRIT наведувани ракети, кои претставуваат средно решение меѓу класични ракети и тешки противтенковски системи — особено корисни против утврдени позиции и лесни возила.



Оваа комбинација му овозможува на екипажот да избере соодветна сила за конкретната цел, минимизирајќи несакани последици.

### Тактичка доктрина

Тактичката доктрина на „Т129“ се темели на фактот дека тој не е создаден за директна конфронтација со модерни интегрирани ПВО-системи. Неговата вистинска ефикасност се гледа во:

- поддршка на единици во ридско-планински терен
- урбани операции против мали мобилни групи
- извидувачко-ударни мисии
- брзи реакции на изненадни закани.

Тој функционира како дел од поширок оперативен екосистем, во кој беспилотните летала, артилеријата и копнените сили делуваат координирано.

### Ограничувања

И покрај бројните предности, „Т129“ има и одредени ограничувања:

помала носивост во споредба со потешки нападни хеликоптери

ограничена способност за преживување во средини со напредна радарска ПВО

зависност од странски мотор (што има и политички импликации).

Сепак, овие недостатоци се прифатливи во рамките на неговата намена – регионални конфликти со среден интензитет.

### Заклучок

„Т129 АТАК“ не е само борбена платформа, туку и доказ дека Турција влегува во кругот на држави способни да развиваат комплексни воздухопловни системи. Проектот создаде технолошка основа за идни, уште понапредни хеликоптери и беспилотни ударни летала.

„Т129 АТАК“ претставува паметно дизајниран нападен хеликоптер за војните на 21 век – конфликти што се брзи, непредвидливи и често асиметрични. Неговата сила лежи во комбинацијата на прецизност, дигитална интеграција и висока маневарбилност.

Наместо да се натпреварува со најтешките и најмоќни нападни хеликоптери во светот, „Т129“ ја пополнува нишата на агилен, технолошки напреден и тактички флексибилен воздушен борец – што го прави сериозен фактор на модерното бојно поле. ■





# „СТРАЈКЕР“

Пишува: Редакција „ШТИТ“

## Оклопно возило што ќе ја трансформира македонската армија

Оклопните возила „Страјкер“ во блиска иднина ќе станат дел од вооружувањето на Армијата на Р. Македонија, овозможувајќи им на копнени сили значително зголемена мобилност и современи тактички способности, истовремено позиционирајќи ги како модерна армија која комбинира заштита, огнена моќ и оперативна флексибилност во склоп со оперативните НАТО стандарди

## Оклопното чудо што го обликува современото војување

Во светот на модерната армија, каде времето и мобилноста можат да одлучат за исходот на борбата, оклопното возило „Страјкер“ се издвојува како еден од најважните елементи на тактичка поддршка. Возилото е дизајнирано за брзи операции, транспортирање на пешадиски единици и исполнување на различни задачи на бојното поле. „Страјкер“ ги поседува сите карактеристики што денес се сметаат за клучни за модерната армија: мобилност, заштита и огнена моќ.

## Мобилност која прави разлика

Една од позначајните предности на „Страјкер“ е неговата мобилност. Со шест или осум тркала, во зависност од верзијата, возилото се движи со голема брзина на асфалтирани и делумно неасфалтирани патишта, што му овозможува брзо префрлување на единиците во критични точки. Модуларниот дизајн му овозможува лесно приспособување за различни задачи – од борбено возило за пешадија до возило за разузнавање или медицин-



ска евакуација. Овие предности овозможуваат „Страјкер“ да биде „сериозен играч“ во сценарија каде што се клучни брзата реакција и приспособливост.

## Оружје и заштита – балансирано решение

„Страјкер“ е опремен со различни видови оружје, вклучувајќи митралези, гранатомети, понекогаш и автоматски топови, што му овозможува да и обезбеди поддршка на пешадијата и да одговори на закани од различен тип. И покрај тоа што оклопот е дизајниран за заштита од лесно и средно оружје, експертите истакнуваат дека тој е ранлив на тешки противтенковски средства, мини и импровизирани експлозивни направи. Сепак, балансираниот дизајн на заштита и мобилност го прави „Страјкер“ ефикасно возило, кога брзото движење и флексибилноста се поважни од целосната оклопна непобедливост.

## Технологија на современото бојно поле

„Страјкер“ не е само оклоп и оружје – тоа е и платформа за комуникација и командување. Возилото има напредни системи за размена на информации во реално време и овозможува координација помеѓу различни единици, што е од клучно значење за успешни операции. Во современите конфликти, каде теренот може да биде хаотичен, а заканите непредвидливи, ваквите системи се од суштинско значење за ефикасноста на армијата.

## Слабости кои не смее да се занемарат

Иако „Страјкер“ има бројни предности, не смее да се занемарат и неговите ограничувања. На екстремно непристапен терен, на пример на планини или во мочурливи области, неговата ефикасност се намалува. Силата на огненото оружје и мобилноста не може целосно да ги компензира ограничувањата во оклопната заштита против силни експлозии или тешка артилерија. Овие слабости ја истакнуваат важноста од добро испланирани тактички операции и стратешко користење на возилото, за да се избегнат ситуации каде „Страјкер“ може да биде изложен на прекумерна опасност.

## Употребата на „Страјкер“ во современите конфликти

Сегашните воени конфликти покажуваат дека оклопните возила мора да бидат повеќенаменски и приспособливи. „Страјкер“ го отсликува токму овој тренд. Тој не е само средство за пренос на војници, туку комплексна платформа која комбинира заштита, огнена моќ и комуникациски способности. Неговата вистинска вредност се гледа при координирани операции, каде секоја од неговите предности може да биде максимално искористена, а слабостите минимизирани.

Возилото „Страјкер“ е симбол на современата армија – брз, приспособлив и подготвен за различни борбени ситуации. Но, како и секое технолошко решение, не е совршен. Неговата сила лежи во правилното користење на терен, при стратешко планирање и како се интегрира во поширокиот оперативен систем. Во светот, каде секоја секунда и секој метар имаат значење, „Страјкер“ останува да биде еден од клучните инструменти на армијата, но само ако се користи со знаење и претпазливост. ■



# „Steadfast



# Dart 26”





# НАПАДИТЕ „DEEPFAKE“ ВРЗ КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ - ЗАКАНА ЗА СОВРЕМЕНИТЕ ВОЕНИ ОПЕРАЦИИ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Забрзаниот развој на вештачката интелигенција и технологиите за синтетичка обработка на аудио и видеосодржини доведе до појава на нов тип безбедносни закани, познати како „deepfake“ напади. Овие технологии овозможуваат реалистично имитирање на глас, лик и однесување на реални личности, при што се нарушува разликата помеѓу автентична и манипулирана информација. Во военият и безбедносниот домен, ваквите напади претставуваат особено сериозна закана кога се насочени кон командните структури и системите за команда и контрола.

Современите воени операции се потпираат на доверлива комуникација, брза размена на информации и јасна автентикација на наредбите. Компромитирањето на овие елементи преку „deepfake“ технологии може да доведе до погрешни оперативни одлуки, нарушување на синџирот на команда и сериозни последици по оперативната готовност. Оттука, анализата на deepfake нападите врз командните структури и потребата од нови заштитни механизми станува прашање од стратешко значење.

„Deepfake“ нападите се разликуваат од класичните сајбер-закани по тоа што директно ја таргетираат довербата како основен столб на командно-контролните системи. Наместо техничко компромитирање на инфраструктурата, напаѓачите користат синтетички генерирани аудио и видеосодржини за лажно претставување на командни лица, издавање фиктивни наредби или манипулација со комуникациски

процеси. Ваквиот пристап ја прави заканата потешко препознатлива и поопасна, особено во услови на зголемена оперативна динамика.

Посебен ризик претставува употребата на „deepfake“ технологии во реално време, како што се видеоконференции, далечински брифинзи и итни командни состаноци. Во такви ситуации, човечкиот фактор често нема доволно време или технички средства за проверка на автентичноста, што создава простор за успешна манипулација. Лажно издадени наредби или изменети приоритети можат да предизвикаат дезорганизација на единиците и сериозни тактички и стратегиски последици.

Дополнително, „deepfake“ нападите сè почесто се интегрирани во пошироки хибридни и информациски операции. Нивната цел не е само директно влијание врз командниот процес, туку и поткопување на довербата во институциите, деморализација на персоналот и создавање конфузија во јавниот и оперативниот простор. Во комбинација со социјалниот инженеринг и класичните сајбер-техники, овие напади претставуваат мултидимензионална закана која бара системски одговор.

Со оглед на ваквите ризици, станува јасно дека традиционалните механизми за автентикација, како лозинки или еднофакторска биометрија, повеќе не се доволни. Потребен е нов пристап кој ќе се заснова на повеќеслојна безбедносна архитектура која ќе комбинира криптографска заштита, континуирана верификација на идентитетот, анализа на содржината во реално време и јасни оперативни протоколи за одговор. Интеграцијата на AI-базирани алгоритми за детекција на аномалии во аудио, видео и однесувачки обрасци, претставува клучен чекор за зголемување на отпорноста на командните системи.

Сликата прикажува мултислојна безбедносна C2-архитектура, дизајнирана за заштита на командните комуникации од „deepfake“ напади, манипулирани команди и



*Слика 1. Ризик од „deepfake“ манипулации во далечинските командни комуникации*




*Слика 2. Автентикација и ризици од „deepfake“ манипулација во командните комуникации*




*Слика 3. Архитектура на безбеден командно-контролен систем (C2) со AI-базирана верификација*

лажни идентитети во современите воени операции.

„Deepfake“ технологиите претставуваат сериозна и растечка закана за современите командно-контролни системи, бидејќи ја нарушуваат довербата како основен елемент на военото командување, поради што е неопходен интегриран, адаптивен и повеќеслоен безбедносен пристап кој ќе обезбеди сигурност, доверливост и континуитет на командните комуникации во услови на напредни дигитални закани. ■



# „Foxhound“ – Light Protected Patrol Vehicle (LPPV)

## Лесно заштитено патролно возило „Foxhound“, Велика Британија



Пишува: Идриз Идризоски

Лесното патролно возило LPPV „Foxhound“ влезе во служба во британската армија во 2012 година. Возилото беше дизајнирано за програмата за лесни оклопни возила на Министерството за одбрана на Обединетото Кралство, во вредност од 200 милиони фунти.

„Foxhound“ (LPPV), претходно познато како „Ocelot“, беше заеднички развиено од страна на компаниите „Ricardo“ и „Force Protection Europe“, дел од компанијата „General Dynamics“, еден од најпознатите производители на воена опрема во западна Европа и Северна Америка.

Лесното возило, заштитено од мини, со тежина од 7,5 тони е дизајнирано да обезбеди подобра заштита и флексибилност од претходните лесни возила на пазарот.

Британското Министерство за одбрана (МО) го преименуваше „Ocelot“ во „Foxhound“ за да го усогласи со другите оклопни возила на тркала, како што се „Mastiff“ и „Ridgeback“. „Foxhound“ (LPPV) е специјално



дизајниран да ги задоволи барањата на програмата за лесни заштитени оклопни возила на британското Министерство за одбрана од 200 милиони фунти и да ги замени „Land Rover Snatch" што се користат во армијата. „Land Rover Snatch" беа критикувани поради малата способност за заштита од импровизирани експлозивни направи и бомби поставени покрај патот за време на борбените мисии во Ирак и Авганистан.

Возилото е долго 5,3 метри, високо 2,3 метри и широко 2,1 метар. Управувањето со сите четири тркала овозможува круг на вртење со радиус од 12 метри.

Друга уникатна карактеристика на „Foxhound LPPV" е неговиот низок центар на гравитација, бидејќи сите тешки предмети се поставени под „скејтборд"-платформата. До неа се пристапува преку големи задни врати, две горни отвори или преку големата врата на командирот на возилото.

Патролната верзија на LPPV има седишта за двајца членови на екипажот и уште четворица војници. Варијантата за огнена поддршка има капацитет за седење од двајца членови на екипажот и двајца војници, додека варијантата за заштитена логистика има капацитет за седење од двајца членови на екипажот. Со максимален товар од 2.000 кг, возилото може да достигне максимална брзина од 112 км/ч. Бруто-тежината на „Foxhound LPPV" е 7.500 кг. Лесното одржување овозможува брзо менување на склоповите на терен, наместо враќање во работилница за какви било поправки.

Склоповите можат да се менуваат и монтираат за околу 30 минути за да се прилагоди возилото за конкретни мисии.

Варијантата што беше претставена на саемот DSEI беше опремена со повеќенаменски ракети со голема брзина/мала тежина, топ од 30×113 мм за „генералистичка" улога против беспилотни летала, митралез од 7,62 мм и електрооптички сензор.

„Foxhound LPPV" е опремен со „Steyr" мотор од 3,2 литри – шестцилиндричен, четиритактен дизел мотор со турбополнач. Возилото е опремено и со автоматски менувач со шест степени на пренос и независни, заклучливи диференцијални оски.

Подвозјето е во облик на буквата V, што обезбедува максимална заштита на екипажот од импровизирани експлозивни направи и мини. Трупот, кој се протега по целата должина на возилото, исто така вклучува погонска линија, главен резервоар за гориво, генератор, батерии и погонски систем.

Просторот за екипажот е одвоен од возниот дел, со што се намалува опасноста од повреда од подвижниот механизам за време на напад. Екипажот и останатите војници што се симнуваат од возилото се одвоени со прегради поставени меѓу нив и се држат понастрана од електронската опрема на возилото – обезбедувајќи висока заштита. Возилото беше успешно на тестовите за експлозија и мобилност, кои се спроведуваа во период подолг од 12 месеци.



„Foxhound LPPV" е подобрен носач на товар со средна мобилност, кој има карактеристики на висока мобилност и борбени перформанси. Системот за суспензија обезбедува оддалеченост од земјата од 338 мм (ground clearance) под нормални услови на оптоварување. Односот моќност-тежина е 19,3 kW/t (25 kW/t во борбен режим).

Возилото „Foxhound LPPV" може да се транспортира по воздушен пат со транспортни авиони C-17, C-130 и CH-47.

**Спецификации на возилото „Foxhound LPPV"**

Тип на возило: лесно заштитено патролно возило
Должина: 5,32 метри
Широчина: 2,1 метри
Висина: 2,3 метри
Тежина: 7,5 тони
Носивост: 2.000 кг
Капацитет на седишта: 2 + 4 лица
Мотор: „Steyr" мотор од 3,2 литри
Вооружување: митралез 7,62 мм и митралез 12,7 мм / автоматски фрлач на гранати
Максимална брзина на пат: 112 км/ч
Автономија: 675 км
Оклоп: V-hull (V-труп), технологија за заштита од експлозија; заштита од мини и импровизирани експлозивни направи (IED) – STANAG 4569, ниво 2

Со произведени околу 400 возила, единствен оператор е Армијата на Велика Британија. Возилото „Foxhound LPPV" се користи како лесно патролно возило кое нуди високо ниво на мобилност и заштита. Исто така се користи за транспорт на трупи (dismount operations), мобилно патролирање, заштита на конвои, сили за брза реакција, заштита на рутата и операции на кордон и пребарување. „Foxhound LPPV" беше распореден во Авганистан со силите на британската армија. ■



# ПОДЗЕМНИ ОПЕРАЦИИ: ЛЕКЦИИ ОД ГАЗА



Пишува: Александар Стојчевски

Со изненадувачкиот напад на Хамас врз Израел од 7 октомври 2023 година, со употреба на ракети, беспилотни летала и копнени сили, започна ескалацијата на тековниот израелско-палестински конфликт. Израелските одбранбени сили (ИОС) одговорија со започнување интензивни борбени операции во Појасот Газа за да ги уништат воените капацитети на Хамас. Значајна карактеристика на борбите беше обемниот систем на тунели на Хамас, кој претставува уникатен и огромен предизвик, принудувајќи ги ИОС да се приспособат и да воведат иновации во својот пристап кон подземното војување.

Постоењето на тунели во Газа им е добро познато на Израелците. ИОС уште во 1995 година ја формираа единицата Јахалом како специјална инженериска оперативна единица, одговорна за операциите против тунелите. Во остварувањето на својата мисија, Јахалом има развиено напредни тактики, техники и опрема за откривање, мапирање, пребарување и неутрализирање на тунелите. Оваа единствена единица одигра клучна улога во борбата против подземната мрежа на Хамас, која од страна на Израелците е наречена „Газа метро“ и се состои од преку 700 километри тунели со 5.700 окна. Тунелите се интегрирани во цивилната инфраструктура, што ги прави тешки за откривање и таргетирање.

Хамас ја дизајнираше мрежата на тунели со интегрирани системи за електрична енергија, вентилација и комуникации, овозможувајќи им на борците да дејствуваат во нив подолг временски



период. Тунелите поддржуваат офанзивни операции за спроведување заседи или лансирање ракети, но и одбранбени операции за спротивставување на копнените движења на ИОС. Логистичките тунели овозможуваат движење и складирање залихи низ бојното поле, а постојат и тунели за командување и раководење. Сите тунели во Газа не се физички поврзани, но често имаат комуникациски врски за да се олесни координацијата меѓу силите на Хамас. Тунелите служат за тактички и стратешки цели. Тактичките тунели се поблиску до површината и му овозможуваат на Хамас да се движи низ бојното поле без да биде забележан на површината. Главниот тунел може да има гранки со претходно позиционирано оружје и муниција за да започне индиректни напади со оган или заседа на силите на ИОС. Борците на Хамас, исто така, можат да избегаат во безбедни области или повторно да се инфилтрираат во претходно исчистени области зад единиците на ИОС. Стратешките тунели се подлабоки, поголеми и подобро изградени. Тие можат да содржат спални соби, командно-контролни центри и објекти за складирање оружје.

Големината и сложеноста на мрежата на тунели во Газа се покажа како централен елемент на војната, предизвикувајќи ја конвенционалната супериорност на ИОС. Борбите во Газа се повеќедимензионални, при што единиците на ИОС истовремено маневрираат во згради, на ниво на земја и во тунели. Заради воспоставување единствен команден однос и координација на акциите на конвенционалните и единиците за специјални операции што дејствуваат над и под земја, ИОС ги припоја единиците за специјални операции директно на конвенционалните маневрирачки бригади.

ИОС користат слоевит пристап за да ја максимизираат веројатноста за откривање подземна активност. За таа цел се користат повеќе методи. За откривање вибрации поврзани со ископување, движење материјали и активности на Хамас во рамките на тунелските системи, распоредени се сеизмички и акустични сензори. Користејќи системи за термичко снимање од воздух и од земја, ИОС идентификуваат активности што укажуваат на подземна градба или оперативна активност. Пенетрирачки радари се користат за снимање на подземните структури. Визуелното извидување вклучува анализа на сателитски и воздушни фотографии за суптилни промени во пејзажот. Војниците физички пребаруваат области барајќи скриени влезови, необични насипи земја или недоследности во теренот. Методите на човечкото разузнавање вклучуваат испрашување заробени борци и обработка информации за влезовите во тунелите, рутите и нивната употреба. Со употреба на вештачка интелигенција се анализираат огромни количини сателитски и воздушни снимки за да се идентификуваат индикатори за активност на тунелите што луѓето би можеле да ги пропуштат. Може да се користи и за предвидливо моделирање, за да се утврдат потенцијални рути на тунелите врз основа на историски податоци и анализа на теренот.

Кога ИОС ќе открие тунел, прво областа околу влезот се обезбедува за да се спречи набљудување и напад од непријателот. Околната област се пребарува за отвори за вентилација, соларни панели, влезови и извори на вода и електрична енергија, за да се помогне во идентификувањето на конфигурацијата на тунелот. Обоен чад може да помогне во идентификувањето на отворите за вентилација и другите влезови. Потоа, тимовите за отстранување експлозивни направи (EOD) се користат за идентификување, обезбедување и отстранување експлозивни опасности околу влезовите. Откако ќе се постигне тоа, се спроведува почетна проценка со спуштање камери во влезот. Големината, видот на конструкцијата и насоката на тунелот се пријавуваат во повисокиот штаб за да се започне со мапирање и истрага од страна на Јахалом.

Конечно, единицата Јахалом спроведува детаљно извидување за да го потврди распоредот на тунелот, да собере разузнавачки информации и да идентификува пречки и стапици во тунелот. Употребата на воени работни кучиња и беспилотни копнени возила го минимизира ризикот за персоналот за време на почетната фаза на влез. Беспилотни копнени возила, опремени со камери, различни сензори и можности за мапирање, се користат за проценка на тунелите. Воените работни кучиња се специјално обучени за работа во тунели. Тие се движат низ пречки и работат во услови на слаба осветленост за брзо извидување на тунелот, откривање експлозиви и напаѓање на борците на Хамас. Врз основа на почетното извидување, тимовите на Јахалом потоа можат да влезат во тунелот за да спроведат темелно пребарување: да бараат израелски заложници, да заробат лидери на Хамас и/или да соберат разузнавачки информации. Тимовите се опремени со очила за ноќно гледање со инфрацрвени зраци, непробојни штитови, алатки за пробивање, уреди за дишење, монитори за воздух и оружје со придушувачи за да ги извршат своите задачи.

За неутрализација и уништување на тунелите потребно е внимателно планирање и проценка. Оклопни булдожери „Катерпилар" Д9 или друга инженерска опрема може да се користат за физичко уништување делови од тунелот, правејќи ги неупотребливи. За да се спречи употребата на тунелите на Хамас, се користи и вбризгување брзорастечка полиуретанска пена во тунелските премини, за да се создадат непропустливи бариери. Муниција за пробивање бункери, како што е GBU-28, може да се користи против силно утврдени делови од тунелот. Прецизното насочување и проценката на колатералната штета се од клучно значење за избегнување цивилни жртви и непотребна штета на урбаната инфраструктура.

Подземните операции се историски дел од војувањето со векови, а веројатно ќе се случуваат и во иднина. Армиите мора да бидат подготвени да се борат под земја, па затоа искуствата на ИОС во Газа се корисни и добредојдени. Успехот во подземната борба се потпира на тактички единици со соодветен персонал, обука и опрема за работа во таа средина. Командантите мора да бараат можности да ги подготват своите единици за ваква предизвикувачка задача. Исто така, искуствата на ИОС во Газа покажаа дека подземната и надземната борба е интегрирана, па единиците мора истовремено да спроведуваат борбени операции над и под земја, додека ги синхронизираат напорите по време, простор и цел со соседните сили. ■

# Британска лесна хаубица „L118“

Лесната хаубица „L118“ од компанијата BAE Systems нуди едно од најпрактичните решенија за разновидните и предизвикувачки барања поставени на силите за брзо распоредување ширум светот, надминувајќи ги барањата за оперативна способност (комбинација од ниво на подготвеност, прецизност при дејство, огнена моќ и дострел), сигурност и одржување.

Орудието „L118“ припаѓа во категоријата на лесни влечни хаубици со калибар 105 мм. За да се постигне мала тежина, при изработката на L118 се користат нерѓосувачки челик и алуминиумска легура. Хаубицата поседува едноделна кована цевка со вкупна должина од 3,9 м, со 28 внатрешни жлебови (во должина од 3,21 м) и рачно управување, при што затворачот поседува вертикален лизгачки блок за бравење. Цевката, при правилно користење и одржување, може да има век на траење од 8.000 истрелани гранати (но и помалку, во зависност од типот на користените гранати).

Типот на гранати што ја користи „L118“ е 105×326 мм R, при што боевиот проектил е одвоен од чаурата со барутното полнење кое ја користи електричната топовска написла L10. За разлика од неа, хаубицата (верзија) M119 користи стандардна НАТО муниција од 105 мм, чие барутно полнење во чаурата се активира со ударна топовска написла. Стандардно се користат боеви гранати HE L31, HE IM L53, L35, HESH L42, димна граната L52, светлечки гранати L43 и L54, и други. Комбинацијата од гранатата HE L31 и чаурата со барутно полнење L36 овозможува дострел од 17,2 км.



За нишанење, од левата страна се поставува артилерискиот телескопски нишански систем Hall & Watts или современиот електрооптички компактен нишан Sagem CM3 LR, кој поседува три воени сензори со долг дострел (термална и дневна камера и ласерски далечиномер). За потребите на хаубицата е развиен системот за управување со огнот Selexes LINAPS (Laser Inertial Automatic Pointing Systems). Системот LINAPS е составен од радар за мерење на брзината на проектилот на излез од цевката, навигациски систем FIN 3110L со инерцијален навигациски систем и GPS, уред за наведување на топот, модул со батериско напојување и терминал за податоци за командантот на одредот (батеријата), како и робустен компјутерски дисплеј (на допир) со повеќеслоен капацитет за прикажување карти. Се користи и автоматизираниот систем за тактичка контрола на артилерија Kearfott ATACS, кој обезбедува автоматизирана компјутеризирана огнена поддршка за лесни топови, со модуларен, лесен систем за прецизна навигација и насочување. Користејќи монолитен прстенест ласерски жироскоп, системот ја пресметува брзината, позицијата, насоката и висината.

Потребното време на хаубицата L118 за премин од маршевска во положба за стрелба изнесува помалку од 2 минути (помалку од 1 минута ако хаубицата не била целосно склопена), а за премин од положба за стрелба во маршевска положба изнесува помалку од 2 минути (целосно склопена хаубица). Брзината на стрелба зависи од повеќе фактори, но поради безбедносни причини, во пракса можат да се истрелаат максимум 12 гранати во минута (само за кратко време). При нормално дејство се испукуваат 6 гранати во минута (но не подолго од 3 минути), и 3 гранати во минута за подолго време на стрелба.

Пишува: Ивица Дамески




Благодарение на малата тежина, „L118“ може да се влече со теренски возила со погон 4×4 или 6×6, или да се транспортира по воздушен пат со средни/тешки транспортни хеликоптери или транспортни авиони.

Врз основа на „L118“ се развиени верзиите „L119“ (ознака M119 — модифицирана за армијата на САД) и „Humel L119“ (модифицирана за армијата на Австралија), а развиени се и неколку подверзии добиени со модернизација. Хаубицата „L118“ е борбено докажана во повеќе воени судири низ светот, а корисници на хаубицата и нејзините верзии се повеќе од 20 држави во светот. ■

## Објаснување на пресек-сликата на „L118“

1. Цевка со калибар од 105 мм
2. Колевка на хидрауличната кочница и повратник
3. Хидраулична кочница
4. Механизам за елевација на цевката
5. Торзиона осовина на суспензијата на тркалата, на која се поставени пневматици со димензија 9.00×16
6. Платформа за стабилизирање (овозможува ротирање на „L118“ за 360°)
7. Воздушен цилиндричен резервоар
8. Хидропневматски противповлекувачки уред








9.Боева граната (одвоена од барутното полнење)
10. Рачка за отворање/затворање на затворачот
11.Рачка за активирање на механизмот за дејство
12.Затворач со електричен контакт
13.Механизам за движење по траверца (хоризонтално) на цевката
14.Позиција на нишанџијата
15.Краци на лафетот
16.Балансирачки механизам
17.Горен носач (држач) на колевката
18.Гасна кочница (двокоморна)

| Тактичко-технички карактеристики на „Beretta 8000F Cougar“ | |
|---|---|
| Послужители | 6 војници |
| Калибар | 105 мм |
| Зафатнина на барутната комора | 5,3 литри |
| Должина | 6,62 м |
| Должина (склопена) | 4,87 м |
| Вкупна должина на цевката | 3,9 м |
| Височина (склопена за марш) | 1,37 м |
| Максимална височина | 2,63 м |
| Широчина | 1,78 м |
| Клиренс при транспорт | 0,5 м |
| Борбена тежина | 1,982 тони |
| Елевација | од −5,5° до +70° |
| Хоризонтално поле на движење | 11° (на колевка), на платформа 360° |
| Максимален дострел | 17,2 км (со граната L31 HE) |
| Стандардна брзина на стрелба | 6 гранати во минута |



# ГЕНЕРАЛ ВЛАДИСЛАВ АЛБЕРТ АНДЕРС



Пишува: потполковник Златко Блажески

Лидерството, отпорноста, стратешката јасност и непоколебливата национална посветеност се олицетворени во познатиот полски воен водач, генерал Владислав Алберт Андерс. Тој е познат првенствено по командувањето со Вториот полски корпус за време на Втората светска војна. Низ бројни искушенија, Андерс покажа извонредно лидерство, решителност и иновативност. Неговите борбени достигнувања, филозофијата на лидерство и стратешките методи оставија трајна трага во модерната воена мисла.

Владислав Андерс е роден на 11 август 1892 година во Крошњевице-Блоње. Неговото семејство припаѓало на полското благородништво и одржувало силен патриотски идентитет и покрај генерациите политичко угнетување. Формалното воено образование го стекнал во рамките на Руската Империја, под чија власт се наоѓало неговото родно место во тој период. За време на Првата светска војна служел во Царската руска армија, каде што стекнал драгоцено искуство. Во борбата за независност на Полска, Владислав се приклучил на новоформираните полски копнени сили и во периодот од 1919 до 1921 година командувал со неколку новоформирани единици. Неговата служба во воено време беше истакната и формативна, демонстрирајќи ги инстинктите за маневрирање што подоцна ќе го дефинираат неговото лидерство. Единиците што биле под негова команда биле препознатливи по брзата мобилност, прецизната координација и извонредната отпорност под притисок. Андерс брзо стекнал репутација за храброст и тактичка умешност, добивајќи неколку одликувања за храброст.

Во периодот што следел до почетокот на Втората светска војна, Андерс напредувал во чиновите и на крај посетувал престижни воени академии, вклучувајќи ја и „École Supérieure de Guerre“ во Париз. Обуката во странство го проширила неговото разбирање на западната воена доктрина и го зајакнала неговото уверување во координацијата на комбинираното оружје – пристап што сè уште не бил широко усвоен во Полска. Андерс станал еден од водечките коњанички команданти во Полска, почитуван не само поради тактичката компетентност, туку и поради аналитичкиот ум и



посветеноста на обуката. Акцентот на подготвеноста ќе се покаже суштински во трагичните настани во 1939 година.

Кога Германија ја нападна Полска на 1 септември 1939 година, Андерс служел како командант на коњичката бригада Новогродек. Тој ги предводел своите единици во неколку тешки битки против Вермахтот, честопати изведувајќи смели маневри за да го одложи напредувањето на непријателот. Сепак, на 17 септември Советскиот Сојуз извршил инвазија од исток, запечатувајќи ја судбината на Полска. Андерс бил ранет и заробен од советските сили. Речиси две години бил затворен во озлогласените затвори Лубјанка и Бутирка.

По германската инвазија на Советскиот Сојуз во 1941 година, Сталин неволно се согласил да ги ослободи полските затвореници и да дозволи формирање полска армија на советска територија. Андерс бил назначен за командант на таа сила. Тензиите со советските власти околу снабдувањето, автономијата и политичката контрола на крај го принудиле Андерс да ги евакуира своите сили од СССР. Во 1942 година, повеќе од 100.000 војници и цивили отпатувале во Иран под негово водство. Оваа евакуација останува една од најголемите организирани евакуации во време на војна во модерната историја.

Во 1943 година силите на Андерс биле реорганизирани во II полски корпус, кој се борел под британска команда на медитеранското бојиште. Корпусот учествувал во некои од најисцрпувачките битки на италијанската кампања, вклучувајќи ја реката Сангро, Анкона и — најпознато — Монте Касино. Нападот на Монте Касино во мај 1944 година претставувал одлучувачка пресвртница. По месеци застој, II полски корпус конечно ја пробил германската одбранбена линија. Победата дошла со ужасна цена: над 1.000 полски војници биле убиени, а илјадници други биле ранети. Сепак, триумфот станал одлучувачки момент на полската воена храброст и го зацврстил наследството на Андерс како командант со меѓународен углед.

По војната, комунистичката влада на Полска, инсталирана од Советскиот Сојуз, му ги одзела полското државјанство и воениот чин. Андерс останал во Велика Британија, каде што бил истакнат во полската влада во егзил во Лондон и станал генерален инспектор на вооружените сили. Починал во Лондон на 12 мај 1970 година, а според неговите желби бил погребан меѓу своите паднати војници од Вториот полски корпус на полските воени гробишта во Монте Касино, Италија. По падот на комунистичкото владеење во Полска во 1989 година, постхумно му биле вратени државјанството и воениот чин.



## Клучни обележја на лидерството

Лидерството на Владислав Андерс се карактеризира со неколку дефинирачки особини:

Емпатија и лидерство насочено кон човекот. За разлика од многу команданти од таа ера, Андерс ставал силен акцент на благосостојбата на своите трупи.

Јасност на целта. Имало непоколебливо чувство за мисијата, што ги обликувало неговите одлуки додека ги водел единиците низ континенти и низ најтешките битки.

Приспособливост и организациски вештини. Формирањето на армијата на Андерс на советска територија и нејзината евакуација низ Блискиот Исток барале исклучителни организациски способности, при што тој покажал ретка комбинација од стратешки и административен талент.

## Оперативна смелост

На бојното поле, Андерс претпочитувал агресивни маневри во комбинација со дисциплинирана координација.

Андерс е носител на голем број национални и меѓународни одликувања, медали и ордени. Неговото влијание врз современата воена мисла нуди важни лекции за современите команданти, како што се:

Интегрирани мултинационални операции: Андерс покажа како коалициските сили можат да ги надминат разликите во доктрина, јазик и системи за снабдување.

Моралот како мултипликатор на борбената моќ: Неговиот акцент на образованието, културниот живот и кохезијата на заедницата во рамките на армијата илустрира како моралот, идентитетот и целта директно придонесуваат за оперативната ефикасност.

Воените професионалци и аналитичари во Андерс препознаваат лидер кој ја комбинирал стратешката брилијантност со човечноста, оперативната ефикасност со морална јасност и патриотизмот со глобална визија. Неговото наследство опстојува во воените академии, историската наука и во живото сеќавање на Полска и нејзините сојузници. Пред сè, Андерс нè учи дека величината на еден лидер не се мери само со победите, туку и со храброста да ги води луѓето низ најтемните моменти кон надежта за подобра иднина.



# МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Големата војна или Првата светска војна (1914–1918) за македонскиот народ претставуваше продолжување на воената агонија од Балканските војни (1912–1913) во кои соседните армии донесоа страдање на цивилното население и поделба на етногеографска Македонија помеѓу Србија, Грција, Бугарија и мал дел на новоформираната Албанија. По воспоставениот Букурешки мир (10 август 1913 г.), кога сè уште важеа посебни одредби во новоосвоените територии, Македонија повторно стана полигон на воени судири кои се одиваа помеѓу Антантата и Централниот сојуз, со цел нова прераспределба на светот.

Во текот на Првата светска војна во која учествуваа 33 држави, беа формирани три значајни фронта: Западниот, Источниот и Јужниот, односно Македонскиот фронт, познат уште и како Солунски фронт, Фронт на Ориентот или Заборавен фронт. Јужниот/Македонски фронт поминувал низ територијата на Македонија и тука се воделе повеќе воени дејства. Пред формирањето на Фронтот имало акции од Германците, со цел да се обезбеди Југоисточното крило на војната. Во јули 1915 година германската воена команда презела акции за елиминирање на Србија како воена сила и опасност, заради привлекување на Бугарија кон Централните сили. Бугарија, во септември 1915 година, им се приклучила на Централните сили заради ветеното проширување на сметка на Македонија.

Во октомври 1915 година војските на Централните сили започнале воена офанзива против Србија. Под воениот притисок на бугарската армија, а во недостиг на навремена помош од силите на Антантата, српската војска се повлекла од Вардарскиот дел на Македонија и преку Албанија дошла до брегот на Јадранското Море. Оттаму нејзините сили биле префрлени на јужниот дел на Македонскиот фронт кој почнал постепено да се формира со концентрација на силите на Антантата во Солун во октомври 1915 година, а од декември 1915 година и со воени формации на Централните сили.

На конференцијата во Лондон во јануари 1916 година, разгледувајќи



ги соодносите на силите на Балканот, било решено војната дефинитивно да се води на Балканот. Во истиот месец француската војска го зазела островот Крв, а набрзо го окупирала и Солун, што било неопходен услов за дефинирање на линиите на фронтот кој се протегал во вкупна должина од 600 километри. Неговата главна линија се движела од Охридското Езеро до Орфанскиот Залив на Егејското Море, а помал стратегиски дел ја опфаќал линијата од Охридското Езеро до Валона во Албанија. На овој фронт се нашле војски на повеќе држави, а карактеристично е и учеството на единици од европските колонии. На јужната страна од фронтот биле распоредени француски, англиски, српски, грчки, италијански и руски сили, а на северната страна австроунгарски, германски и бугарски воени сили. На почетокот тука се наоѓале околу 300.000 војници, а при крајот на војната околу 1.200.000 војници. Притоа биле водени повеќе сложени воени операции и тешки битки, како оние на Црна Река, Горничево, Кајмакчалан и Добро Поле.

Во текот на воените дејства Македонците и другото цивилно население биле изложени на грабежи, реквизиции, опожарувања, репресија, убиства и масовни миграции. Истовремено, окупаторските власти спроведувале насилни регрутации и мобилизации на локалното население кое морало да се бори за туѓи освојувачи, најчесто на различни страни. Сето ова длабоко се врежало во колективната меморија на македонскиот народ и на најсуптилен начин е прикажано во романот „Пиреј" на Петре М. Андреевски.

Окупаторските сили на балканските држави кои во текот на војната држеле делови од Македонија, покрај економско исцрпување, вршеле и насилни регрутации и мобилизации. Така, заради пополнување на српската војска, до средината на октомври 1915 година биле мобилизирани околу 53.000 лица, од кои 45.000 биле Македонци, а другите биле Турци, Албанци и Евреи. За сите нив таа војна на Србија била туѓа и не сакајќи да војуваат користеле различни начини за да го напуштат фронтот.

Бугарија, уште пред влегувањето во војната мобилизирала голем број Македонци од Пиринскиот дел на Македонија и од македонската емиграција и бегалци. Најголемиот дел од нив веќе биле учесници во Балканските војни и поранешни членови на Македонската револуционерна организација, но имало и помлади лица. Во текот на војната, Бугарија мобилизирала и Македонци, Албанци, Турци и други националности од Вардарскиот дел на Македонија. Така, во бугарската армија биле мобилизирани околу 134.000 лица распоредени во различни бугарски воени формации.

Во редовите на грчката армија не биле формирани посебни воени единици, но, околу 20.000 Македонци биле вклучени во повеќе грчки воени единици.

Почнувајќи од есента 1915 година, Бугарија одучествувала во воената окупација на Вардарскиот дел на Македонија и на делот од Егејска Македонија, воспоставувајќи своја власт. Притоа биле максимално експлоатирани сите природни богатства, се вршеле реквизиции, се наметнувала бесплатна принудна работа, биле ограбени многу цркви, манастири и јавни згради. Она кое било посебно вредно од македонското културно наследство било однесено во Бугарија. На делот од линијата на фронтот, населението страдало од постојаните артилериски и авионски бомбардирања. Се појавил масовен глад. Биле разурнати повеќе градови: Дојран, Кукуш, Гевгелија, Битола, Лерин, Воден, Ениџе Вардарско, Костур. Битола доживеала најголемо разурнување од бомбардирањата. На почетокот на војната Битола имала 28.000 жители, а во текот на војната останале едвај неколку илјади жители. Најмногу настрадале селата помеѓу Лерин и Битола. Градот Дојран, после силното бомбардирање од англиската војска бил целосно уништен. Македонскиот фронт бил единствениот сојузнички фронт каде што цело време дејствувала единствена команда. Овој фронт бил и првиот фронт којшто сојузниците го пробиле на 15 септември 1918 година во битката кај Добро Поле, со што била навестена капитулацијата на Централните сили.

Во борбите на Македонскиот фронт се забележани следниве жртви: 150.000 загинати, 330.000 ранети и 100.000 исчезнати припадници на завојуваните страни. Жртвите што ги дал македонскиот народ никаде не се запишани како македонски, иако насилно биле мобилизирани околу 213.000 Македонци, а илјадници цивили настрадале од разорувањата, од болести, од глад или од исцрпеност. ■





# ЕВРОПА И ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ НА ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

## Европа пред почетокот на Првата светска војна



Пишува: мајор Зоран Василевски

Првата светска војна претставува вооружен судир меѓу две империјалистички групации, настанат како последица на екстремно заострени противречности меѓу големите капиталистички сили. Во почетокот војната зафатила девет држави: Велика Британија, Франција, Русија, Белгија, Србија, Црна Гора и Луксембург на страната на Антантата и Германија и Австро-Унгарија на страната на Централните сили.

До крајот на војната во неа стапиле вкупно 28 држави со повеќе од 1,5 милијарди жители, што претставувало околу ¾ од вкупното светско население. Воените операции се воделе на простор од речиси 4 милиони $км^2$ на територијата на Европа, Азија и Африка, како и на сите океани и мориња.

### Причини за војната

Во втората половина на XIX век се бележел скоковит раст на капиталистичкото производство како резултат на усовршувањето и порастот на производните сили, поттикнати од техничките и научните пронајдоци и нивната практична примена во сите гранки на индустријата.

Велика Британија во тоа време била водечка индустриска и трговска сила и поседувала огромни колонијални поседи. Франција била следната земја која ја следела Велика Британија во поглед на индустрискиот и технолошкиот развој, додека Германија и САД до седумдесеттите години на XIX век се наоѓале во почетна фаза на капиталистичкиот начин на производство.

Нерамномерниот развој на индустријата и производството на суровини кон крајот на XIX век довел до промени во односите меѓу големите капиталистички држави. САД и Германија почнале побрзо да се развиваат, со што го загрозиле политичкиот и особено економскиот примат на Велика Британија и Франција. Во тие земји преовладувал извозот на капитал над извозот на стока, што довело до заострување на борбата за пазари и сфери на влијание, а на крај и до борба за колонии.

Територијалната поделба на светот била завршена на почетокот на XX век. Најголема колонијална сила била

Велика Британија (во 1911 година со повеќе од 29 милиони км$^2$ и 418 милиони жители), а потоа Франција (во 1912 година со 10,25 милиони км$^2$ и 53,5 милиони жители), додека останатите колонијални држави значително заостанувале.

Поради таквата светска констелација на силите, Германија, со својата индустриска експанзија и капитал, го поставила прашањето за нова поделба на светот. Борбата за колонии и пазари ги заострила спротивностите меѓу империјалистичките сили и нивните групации, што довело до општа криза и на крај до војна.



## Развој на меѓународните односи кон крајот на XIX и почетокот на XX век

Со обединувањето на Германија во Версај во 1871 година, за време на Француско-пруската војна, била создадена силна и единствена германска држава. Напоредно со политичкото, се вршело и економското обединување на германските земји.

Производството во Германија кон крајот на XIX век ги надминало потребите на внатрешниот пазар и почнало да се пласира на европскиот пазар. Истовремено се развивало производството на оружје и се јакнеле вооружените сили. Ова довело до стремеж за доминација над другите народи и влијаело врз развојот на меѓународните односи до избувнувањето на Првата светска војна.

Кон крајот на XIX век во Франција се појавил интензивен процес на концентрација на производството и формирање крупни монополски здруженија, што довело до акумулација на финансиски капитал. Капиталистичките магнати ги подредиле своите цели не само на економијата, туку и на внатрешната и надворешната политика, како и на јакнењето на вооружените сили.

Велика Британија, од друга страна, настојувала да го зачува статусот на најголема светска сила, заснован на политика на рамнотежа на силите, како и на посредување во споровите меѓу големите европски сили, поткрепено со силно разгранет финансиски капитал. На почетокот на XX век, Велика Британија почнала да размислува за зближување со својот ривал Франција, па во 1904 година била потпишана спогодба со која се разграничиле колонијалните интереси меѓу двете земји. Франција го препуштила Египет на Велика Британија, додека Британија го признала францускoто влијание во Мароко, со обврска да не се гради утврдување спроти Гибралтар.

Договорот ги решил споровите меѓу двете земји и истовремено создал можност за нивно заедничко настапување кон Германија.

Во 1905 година започнале преговори меѓу Велика Британија и Франција за воена соработка против Германија. Била постигната согласност, утврдена во неколку меморандуми, според кои Велика Британија до почетокот на 1906 година требало да префрли четири дивизии во Франција во случај на војна со Германија. Истовремено, британската дипломатија ги испитувала можностите за договор со Русија, кој со посредство на Франција бил потпишан на 31 август 1907 година во Петроград. Со овој договор се разграничиле англо-руските интереси во Авганистан, Тибет и Персија, како и можноста за заедничка акција против Германија.

Со договорите меѓу Франција, Велика Британија и Русија бил создаден т.н. Троен договор – Антанта. Овој сојуз бил базиран на воената конвенција од француско-рускиот сојуз од 1893 година. Иако Велика Британија немала формални воени обврски, таа била цврсто поврзана со овој сојуз.

Така во Европа се формирале две воено-политички групации:
- Тројниот сојуз
- Тројниот договор (Антанта),

и двете со изразен империјалистички карактер. ■





# Ограничувања во употребата на оружја за масовно уништување и правилата на современото војување



Пишува: потполковник Милена Чатмова

Современото војување, особено во втората половина на XX век, има брз технолошки напредок и зголемена разорна моќ на оружјето. Тоа создаде потреба од воспоставување на правила кои ја ограничуваат штетата врз цивилите и го регулираат однесувањето во вооружените конфликти. Историјата покажува дека со појавата на нови средства за борба се зголемува важноста на меѓународното хуманитарно право, како основа за законско и етичко однесување во војната.

Основата на современото право на вооружени конфликти се наоѓа во норми кои обезбедуваат заштита на цивилите, ранетите и болните, како и правата на воените заробеници. Најзначајно место во оваа рамка имаат Женевски конвенции, кои воспоставуваат разлика помеѓу борците и цивилите и ја регулираат употребата на сила во согласност со легитимни воени цели.

Покрај Женевските конвенции, значајна улога во регулирањето на вооружените конфликти имаат и Хашките конвенции. Тие ги дефинираат методите и средствата на војување и воведуваат принципи како што се воена неопходност, пропорционалност и забрана на непотребно страдање. Според овие принципи, употребата на сила мора да биде ограничена на легитимни воени цели, а штетата врз цивилите треба да биде да биде минимална. Овие норми се примарна основа за секоја анализа на законитоста на воените операции и поставуваат критериуми за оцена на прекршувањата.

## Основни правни принципи

Во правната наука и практика на меѓународното хуманитарно право, особено значење имаат неколку основни принципи кои ја определуваат законитоста на употребата на сила. Принципот на разликување налага страните во конфликтот да прават јасна разлика помеѓу борците и цивилното население, додека принципот на пропорционалност забранува воени операции при кои очекуваната штета врз цивилите е несразмерна во однос на воената предност. Принципот на

неопходност овозможува употреба на сила само колку што е потребно за постигнување на легитимна воена цел, додека принципот на забрана на непотребно страдање го ограничува уништувањето кое не е неопходно. Овие принципи се суштински дел од Женевските и Хашките конвенции и претставуваат основа на современото право на вооружени конфликти.

## Ограничување на оружјата за масовно уништување

Покрај ограничувањето на методите на војување, големо внимание се посветува и на оружјата кои претставуваат опасност за масовно уништување. Биолошкото оружје користи микроорганизми или токсини за предизвикување болести, што може да резултира со неконтролирани епидемии и голем број цивилни жртви. Поради тоа, во 1972 година беше усвоена Конвенцијата за забрана на биолошко и токсично оружје, која го забранува развојот, производството и складирањето на биолошко оружје. Оваа конвенција претставува важен чекор во глобалниот напор да се спречат злоупотреби на најопасните средства за борба.

Нуклеарното оружје, пак, со својата огромна разорна моќ, претставува една од најголемите закани за човештвото. Првпат беше употребено во Втората светска војна, при што се покажа дека современото вооружување може да предизвика уништување од невидени размери. Оттогаш, меѓународната заедница се стреми кон ограничување на неговото ширење и контрола на постојните арсенали. Еден од најважните документи е Договор за неширење на нуклеарното оружје, со цел да се спречи ширењето на нуклеарното оружје, да се поттикне постепено разоружување и да се промовира мирољубива употреба на нуклеарната енергија.

## Прекршувања на меѓународното право и реакцијата на заедницата

И покрај постоењето на меѓународни договори и конвенции, правилата на војување не секогаш се почитуваат. Во некои конфликти се случуваат сериозни прекршувања кои резултираат со цивилни жртви и масовни уништувања. Таквите случаи се предмет на реакции од страна на меѓународната заедница, која со дипломатски и судски мерки настојува да воспостави одговорност.

Еден од најпознатите примери е употребата на хемиско оружје во војната меѓу Ирак и Иран (1980–1988). Особено трагичен е нападот врз курдскиот град Халабџа во 1988 година, каде беа употребени хемиски средства со голем број цивилни жртви. Овие дејства претставуваат сериозно прекршување на нормите на меѓународното право и ја поттикнаа меѓународната заедница кон засилена контрола и осуда.

Друг пример е геноцидот во Руанда (1994), кога стотици илјади цивили беа убиени за само неколку месеци. Овие настани го нагласуваат значењето на правилата на Женевските конвенции и потребата од механизми за казнување на прекршителите. Поради тоа, Обединетите нации го основаа Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда, со цел да се гони индивидуалната одговорност на лицата кои извршиле или наредиле такви дејства.

Воените злосторства опфаќаат намерни, свесни напади врз цивили, употреба на забранети средства и нехуман третман на воени заробеници. Меѓународното право предвидува индивидуална кривична одговорност за тие кои ги извршиле или наредиле овие дејства, без оглед на воената или политичката позиција.

## Заклучок

Овие примери покажуваат дека, и покрај постоењето на јасни правила, нивното почитување не е секогаш загарантирано. Сепак, формирањето на трибунали, осудата на прекршувањата и интернационалните санкции ја нагласуваат важноста на меѓународното хуманитарно право како механизам за заштита на човечноста во вооружените конфликти.

На почетокот на XXI век, прашањето за контрола и ограничување на оружјата за масовно уништување останува критично за глобалната безбедност. Технолошкиот развој и појавата на нови видови вооружување создаваат дополнителни предизвици, но искуствата од минатото покажуваат дека постоењето на меѓународни договори и конвенции е неопходно за да се ограничат најразорните аспекти на современото војување.

Почитувањето на правилата на меѓународното хуманитарно право не е само правна обврска, туку и предуслов за стабилност и безбедност во светот. Само преку доследно почитување на овие норми и преку воспоставување на механизми за одговорност може да се намали ризикот од употреба на најразорните средства на современото војување. Покрај NPT, во 2021 година стапи на сила Договорот за забрана на нуклеарно оружје, кој дополнително ја истакнува глобалната правна обврска за забрана на употреба и поседување нуклеарно оружје. ■





# „Сивата зона“ во единица: Кога „шегата“ станува вознемирување



## Секое грубо однесување не е инцидент, но може да прерасне во ризик ако се нормализира

Пишува: проф. Александар Грижев

Во секоја единица има хумор. И добро е што го има, затоа што хуморот е вентил: помага да се издржи напорот и стресот, да се спои тимот и да се растовари притисокот. Проблемот почнува таму каде што „муабетот“ станува правило, а правилото некој го плаќа со молчење, повлекување и страв.

Во таа „сива зона“ најчесто не гледаме отворена агресија. Гледаме насмевки, „ај не се лути“, „само се зафркавам“ и тишина од другата страна. А токму таму се раѓа ризикот за довербата, кохезијата и безбедното работно опкружување.

Вознемирувањето ретко почнува како „инцидент“. Почнува како граница што некој ја поместил малку, па уште малку, и никој не ја вратил назад. Една забелешка за изглед, една „шега“ за пол, возраст или потекло, една порака во група што „сите ја видоа“, ама никој не реагираше.

Во хиерархиска средина, каде што е важно „да не се прави проблем“, таквите ситни работи лесно се нормализираат. И токму затоа не е доволно да кажеме „кај нас нема вознемирување“, затоа што понекогаш има — ама е маскирано како традиција, другарство или дисциплина.

### Како да ја препознаеме „сивата зона“?

Еден практичен показател е следниот: ако шегата е навистина шега, двете страни се смеат, а никој не ја губи позицијата, достоинството или сигурноста.

Ако после „шегувањето“ едниот се повлекува, станува потивок, избегнува контакт, менува рута, не пишува во група или гледа да не остане сам, тоа веќе е сигнал дека нешто не е во ред — особено ако се повторува.

Постојат неколку знаци што најчесто ја претвораат шегата во вознемирување:

Прво: повторливост.

Еднаш може да биде несмасно. Втор или трет пат веќе е образец.

Второ: нерамнотежа на моќ.

Кога „се зафркава“ старешина со подреден, инструктор со питомец или влијателен член на колективот со некој што нема „простор“ да возврати, тоа не е исто како меѓу рамноправни.

Трето: лични точки.

Коментари за изглед, интимност, пол,

семејство, потекло или вера — тоа не се „невини теми“ во војничка средина.
Четврто: изолација.
Кога некој станува „постер“ за исмевање пред групата, тоа го руши тимот, не го гради.
Петто: страв од пријавување.
Реченици како „не кажувај никаде“, „ќе направиш хаос“ или „ќе си имаш проблем“ претставуваат прв аларм.
Тука не бараме „совршен доказ“ за еден момент, туку бараме образец. Кога однесувањето е повторливо, кога се случува пред сведоци, кога постои хиерархија или „влијателни“ луѓе и кога резултатот е повлекување и изолација — тоа веќе е сигнал за реакција.
Во пракса, поголема грешка е да игнорираме затоа што „нема доказ“, отколку да реагираме со јасен стандард уште на почетокот.

## Правило за сведок или колега: „Стоп – Именувај – Пренасочи“

Многу луѓе не пријавуваат затоа што не знаат дали нешто е „доволно сериозно“. Токму тука помага едно едноставно правило:

**Стоп**

Со мирен тон прекини ја ситуацијата:
„Доста.“
или
„Ок, тука застануваме.“

**Именувај**

Кажи што е проблемот без навредување:
„Ова оди на лично.“
или „Ова не е во ред пред група.“

**Пренасочи**

Врати ја комуникацијата на задачата:
„Продолжуваме по агенда.“
или „Да продолжиме со работа.“
Овој пристап има ефект затоа што не прави спектакл, а сепак поставува граница.
Понекогаш е доволно само еден човек да ја постави границата за целата група да „се присети“ што е прифатливо. Кога сите молчат, пораката е дека е дозволено. Кога барем еден реагира, пораката е дека стандардот постои.

## Зошто „сивата зона“ е опасна во воена средина?

Во воена средина „сивата зона“ станува опасна поради еден едноставен механизам:
моќ – молчење – нормализација Кога некој има чин или позиција, кога другите зависат од оценки, распоред, курсеви или мисии, ризикот да се каже „стоп“ изгледа поскап. Ако дополнително постојат неформални мрежи и чувство дека „некој е заштитен“, молчењето станува правило, а правилото брзо се претвора во „начин на работа“.
Затоа реакцијата не е „драма“, туку превенција.

## Првите 48 часа: минимален стандарден одговор

**Постави граница веднаш**

(јасно, мирно, без понижување) — прекини го образецот.

**Активирај фер процес**

соодветен канал (медијатори, пријава и сл.).

**Заштити од одмазда**

следи 2–3 недели дали има „случајни“ промени во задачи, оценување, распоред или изолација.

Не избираме меѓу „како некој го доживува“ и „што објективно можеме да видиме“. Професионалниот пристап е да ги комбинираме: перцепцијата ја покажува климата и довербата, а стандардите обезбедуваат фер и конзистентна реакција.

## Како да реагираме кога некој ќе каже дека му е непријатно?

Некои реченици звучат „разумно“, но во пракса ја затвораат вратата:
„Не прави проблем.“
„Сигурно си разбрал/разбрала погрешно.“
„Таков е тој.“
Наместо тоа, доволно е:
„Те слушам. Кажи ми што точно се случува. Да видиме кои опции ги имаме.“
Без драматизација, без испрашување како на суд и без релативизирање — само професионален, колегијален и човечки пристап.

Кога ќе го исчистиме хуморот од понижување, добиваме нешто што е многу „војничко“: појасен ред, поголема доверба и помалку тивок отпор.
А тивкиот отпор е најскап — не се гледа веднаш, но го разјадува тимот одвнатре.
Во крајна линија, стандардот не е „да нема шеги“, туку да нема луѓе што одат на работа со грч во стомак затоа што не знаат што ќе слушнат или видат денес.
Најлошото не е кога некој ќе каже груба реченица. Најлошото е кога после тоа сите молчат, а еден човек си оди со чувство дека „утре пак ќе бидам мета“.
Затоа „сивата зона“ се чисти со мали, храбри реакции:
една граница поставена навреме,
една реченица што штити достоинство,
еден јасен сигнал дека правилата важат за сите.
Кога тоа ќе стане навика, единицата станува место каде што луѓето се држат заедно — не од страв, туку од доверба.
А довербата, на крај, е оперативна сила и безбедносен фактор. ■






# ХРАНАТА ВО НАТО АЛИЈАНСАТА – ВАЖЕН ФАКТОР ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ВОЈНИЦИТЕ

Пишува: Редакција „ШТИТ“

Храната е еден од најважните фактори за одржување на здравјето, физичката подготвеност и менталната издржливост на војниците. Во рамките на НАТО Алијансата се посветува големо внимание на тоа што јадат војниците, особено затоа што тие честопати дејствуваат во екстремни услови – физички напор, стрес, предизвици и ограничени ресурси. Исхраната кај војските на НАТО треба да биде добро избрана затоа што тие честопати изведуваат операции и вежби и војуваат во екстремни климатски услови, од снежни планини до жешки пустини. Вистинските воени оброци им обезбедуваат на војниците доволно сила и издржливост за да ги исполнат сите потребни предизвикувачки задачи, а најдобрите оброци честопати ги потсетуваат на нивните татковини, особено кога им се служат некои од нивните омилени оброци додека се распоредени илјадници милји далеку од дома.

Оброци кои се приспособени на потребите на војниците

Војниците трошат многу енергија во текот на денот – при обуки, физички активности или борбени задачи. Затоа нивните оброци внимателно се планираат, за да може да обезбедат висока енергетска вредност: баланс на нутриенти, јаглерохидрати за енергија, протеини за мускулна сила, масти за издржливост и витамини и минерали за имунитетот, потоа хидратација – соодветен внес на течности, електролити и минерали.

Заштита на здравјето преку правилна исхрана

Со избалансирана исхрана се спречуваат бројни здравствени проблеми: намалување на ризикот од дехидрирање, исцрпеност и повреди; подобро закрепнување после физички напор или повреди; одржување на силен имунолошки систем, што е важно особено во теренски и странски мисии; намалување на психичкиот замор

и стрес преку внес на храна што ја поттикнува концентрацијата и расположението.

Специјални оброци и MRE (Meals Ready to Eat)

Воените порции, наречени MRE (оброци готови за јадење), во некои земји наречени и ORP (оперативни пакети за порција) или „оброци за едно лице“, се резерви што им се обезбедуваат на војниците на терен кога немаат можност за редовна исхрана. Овие оброци треба да ја обезбедат потребната исхрана и егзистенција. Порциите на секоја војска која е земја членка на НАТО, може да се разликуваат по вкус, но имаат и некои сличности. Бидејќи војниците мора да ги носат своите порции заедно со другата опрема, пакетите обично се што е можно полесни и компактни и се направени од издржливи материјали за да можат да издржат и во специфични услови. Тие имаат долг рок на траење и можат да се приспособат на различни климатски услови и температури, за да се избегне расипување на храната.

НАТО разви свои стандарди и препораки за оброци кои се сумирани во Договорот за стандардизација на НАТО – „STANAG 2937“. Војниците треба да можат едноставно да ги подготвуваат оброците, без дополнителни алатки, и треба да можат истите тие оброци да ги јадат топли или ладни. Различните задачи бараат и различен внес на калории. За редовни мисии, како што се мировни операции, противпожарни работи или градежни работи, STANAG препорачува 3.600 калории на ден, додека за борбени операции или мисии на специјалните сили, препораката се зголемува на 4.900 калории. Овие оброци содржат главно јадење, закуски, десерт, пијалок и прибор. Тие се приготвени на особено внимателен начин за да не предизвикаат дигестивни проблеми и да бидат безбедни за јадење дури и по долготрајно складирање.

На пример, чешките пакети за оброци од 24 часа се состојат од три оброци: појадок, ручек и вечера, а може да има и дополнителен пакет



со дополнителни оброци. Појадокот вклучува крцкави крекери од пченка, свинско месо во сос, бисквити, чоколада и инстант пијалок, кафе или чај. За ручек, на чешките војници им се обезбедува топло јадење како, на пример, тестенини со мисирка, спанаќ и лук, мешана салата од зеленчук, десерт, чоколада и инстант пијалоци. Вечерата може да биде пушено месо со каша од грашок, инстант супа, крекери, бисквити и изотоничен пијалок.

Типичен германски пакет со оброци за 24 часа содржи две главни јадења, три ужини, житарки, десерт и девет пијалоци. Двете главни јадења може да се јадат топли или ладни., на пример, свински гулаш со тестенини или манџа со црн грав и колбаси. Ужините богати со јаглехидрати вклучуваат енергетски плочки од брусница, свинско месо, мармалад или мешавина од суво овошје. Оброците вклучуваат намачкан 'ржан леб, на пример, паштета од говедско месо, од туна, мармалад од цреши и десерт – чоколада или чоколадни колачиња. Војниците имаат на располагање и девет различни видови пијалоци, вклучувајќи инстант кафе, чај или инстант бујон.



4. Менталното здравје и храната

Истражувањата покажуваат дека количеството на храна има директно влијание врз менталното здравје на војниците. Кога се добро најадени тие се чувствуваат подобро, имаат поголема концентрација, отпорност на стрес и подобро се справуваат со замор и притисок. Покрај тоа, во базите, оброците најчесто се служат во пријатна заедничка атмосфера, што помага за подигнување на моралот и, воедно, кај војниците се јавува чувство на припадност.

5. Превенција и нутриционистичка поддршка

Сите војници имаат пристап до нутриционисти и до медицински тимови кои ја следат нивната состојба. Во случај да имаат потреба од посебна исхрана поради алергии, нетолеранција на одреден вид храна или вегетаријанска исхрана, се нудат оброци кои се приспособени на нивните потреби.

Храната во НАТО не е само „гориво“ – таа е клучен дел од воената подготвеност и влијае врз здравјето на војниците. Преку квалитетна, балансирана и добро организирана исхрана, се одржува физичката сила, се зајакнува менталната издржливост, така што војниците можат да ги исполнат своите задачи без ризик по нивното здравје. ■




Пишува: Редакција „ШТИТ“

Во морето од стратегии инспирирани од Втората светска војна, „Headquarters: World War II“ се појавува како обид да се врати класичната пошагова тактика во современо, визуелно модернизирано руво.

Развиена од Starni Games и издадена од Slitherine Software во 2024 година, играта има амбиција да понуди достапна, но доволно длабока стратегиска симулација на борбите во Нормандија. Дејството е сместено во периодот на Сојузничката инвазија во Нормандија – еден од најиконичните моменти на Втората светска војна.

Играчот може да избере да командува со американски, британски или германски сили, секоја со свои карактеристики, единици и тактич-



ки предности. Иако историскиот амбиент е веродостојно реконструиран во визуелна и опремна смисла (тенкови, артилерија, пешадија, униформи), играта не навлегува длабоко во поширокиот геополитички или морален контекст на конфликтот. Наместо тоа, фокусот е строго тактички: мапа, позиционирање, линии на оган, флангирање и управување со единици.
Овој пристап ја прави играта чиста „воена табла" — повеќе симулација на маневар отколку наративно искуство.

## Тактички систем

Суштината на играта лежи во пошаговниот систем. Секој потег бара внимателно планирање:
Покриеноста од теренот има реално значење.
Висинските позиции даваат тактичка предност.
Разурнувањето на објекти ја менува динамиката на бојното поле.
Моралот и искуството на единиците влијаат врз нивната ефикасност.
Особено впечатлива е механиката на „line of sight". Видливоста не е апстрактна, туку реално зависи од физичките препреки на теренот. Ова ја прави секоја одлука поважна и создава чувство на автентична командна одговорност.
Сепак, и покрај солидната основа, играта понекогаш се чувствува како варијација на веќе познат шаблон. Нема радикално нови системи што би го револуционизирале жанрот, туку повеќе внимателно балансирана комбинација на постојни механики.

## Техничка изведба

Играта користи Unreal Engine 4, што овозможува детални модели на тенкови и динамично уништување на објекти. Експлозиите, чадот и анимациите создаваат солидно чувство на воена тензија.
Сепак, иако технички стабилна, визуелната естетика е повеќе функционална отколку уметнички впечатлива. Палетата на бои и амбиентот се во склад со историскиот



реализам, но недостига карактеристична стилска препознатливост што би ја издвоило од другите WW2 стратегии.
Музиката и звучните ефекти ја исполнуваат својата улога, но не оставаат траен впечаток. Нема силен аудио-мотив што ќе остане во меморијата на играчот.

## Кампањи и гејмплеј

Кампањите се солидно структуирани, но тука се појавува една од главните слабости — повторливоста.
Мисиите, иако тактички различни, често следат сличен образец:
освои точка
одбрани позиција
уништи одредена непријателска единица
Недостасува поголема наративна поврзаност меѓу мисиите или динамички систем што би влијаел врз текот на кампањата според одлуките на играчот.
Со текот на времето, искусните играчи можат да почувствуваат шаблонска структура што го намалува долгорочниот ентузијазам.

## Вештачка интелигенција

AI-системот е функционален, но не и импресивен.
На повисоки нивоа на тежина, предизвикот повеќе произлегува од зголемени статистички вредности отколку од навистина паметни маневри. Понекогаш противникот делува предвидливо, што ја намалува драматиката на судирите.
За жанр кој зависи од тактичко надмудрување, поинвентивен AI би можел значително да ја зголеми вредноста на играта.

## Дополнителни режими

Присутни се:
- Skirmish режими
- онлајн мултиплеер
- уредник за мапи

Овој сегмент може значително да ја продолжи животноста на играта преку креативноста на заедницата, особено за ентузијасти кои сакаат да создаваат сопствени сценарија.

Заклучок
„Headquarters: World War II" е стабилна и добро изработена пошагова стратегија што го почитува историскиот амбиент и нуди задоволителна тактичка длабочина.
Таа не е револуционерна, но е компетентна.
Не е спектакуларна, но е искрена во својата намера.
За љубителите на класичните воени стратегии ова е сигурен избор.
За оние што бараат иновација, драматична приказна или радикално нов пристап кон жанрот — играта може да делува премногу конвенционално.
Во крајна линија, ова е игра што повеќе се потпира на дисциплина и стратегија отколку на спектакл — што за некои е предност, а за други ограничување. ■





## Капетан Тамара Ѓорѓиевска, најдобра спортистка во АРМ за 2025 година

# Со напорна работа до нови клупски и армиски успеси

Пишува: Редакција „ШТИТ“

На спортски план, минатата година македонската Армија ја обележа капетан Тамара Ѓорѓиевска. Стануна збор за членка на кошаркарскиот клуб „Крива Паланка“, со кого



Тамара е во врвот на домашната женска кошаркарска сцена. Освен тоа, таа е и кошаркарка која бележи позитивни индивидуални и тимски резултати на армиските спортски натпреварувања.

Тие успеси на Ѓорѓиевска, која е во Армијата од 2018 година (прво во Баталјонот за почести, а од минатата година е во Генералштабот), заслужено и ја донесоа титулата „Најдобар армиски спортист за 2025 година“, признание со кое го започнавме разговорот за магазинот „Штит“, на чии страници ја пренесуваме нејзината спортска и армиска приказна.

**Што претставува за Вас признанието „Армиски спортист на годината“?**

– Оваа титула за мене претставува голема чест и признание за вложениот труд, дисциплина и посветеност во текот на изминатата година. За мене оваа награда има посебна тежина бидејќи доаѓа од Армијата – институција која ги вреднува посветеноста, тимската работа и истрајноста. Ова признание е дополнителна мотивација и во иднина да продолжам со уште поголем ентузијазам да ги претставувам Армијата и државата на спортските терени.

**Од кога се занимавате со овој спорт и зошто се одлучивте токму за кошарката?**

– Со кошарката се занимавам од 2007 година, кога станав дел од кошаркарскиот клуб од Крива Паланка, уште од неговото основање. Од самиот почеток овој спорт ме привлече поради динамиката, тимскиот дух и можноста преку заедничка работа да се постигнуваат големи резулта-

ти. Низ годините мојата кариера се развиваше постепено, со многу тренинзи, натпревари и предизвици, но токму тие искуства придонесоа да напредувам како спортист и како личност.

**Кои постигнувања ќе ги издвоите како најзначајни во досегашната кариера?**

– Во текот на кариерата сум имала повеќе настапи и резултати со кои се гордеам, но за изминатава година би ги издвоила освојувањето на второто место во Првата македонска женска лига, учеството на Купот „Благоја Георгиевски-Буштур", како и настапот на Регионалното воено првенство во кошарка 3x3 во Амстердам, каде што го освоивме четвртото место. Посебно значење за мене има и освоеното второ место на турнирот во кошарка 3x3 по повод Денот на Армијата – 18 Август, каде што бев прогласена и за најдобар играч во женска конкуренција.



**Да се префрлиме на армиската кариера. Зошто и како се одлучивте за војничката професија?**

– Професијата офицер за мене претставува чест, одговорност и можност да ѝ служам на својата држава. Одлуката да станам офицер беше мотивирана од желбата да бидам дел од институција која ја штити безбедноста и стабилноста на државата, но и која ги поттикнува дисциплината, тимската работа и физичката подготвеност – вредности кои се многу блиски и до спортот.



**За остварување на професионалните и на спортските амбиции, сигурно Ви е потребна и поддршка на работното место. Како оди усогласувањето на обврските во Армијата и на спортски план?**

– Усогласувањето на армиските и спортските обврски бара добра организација, дисциплина и посветеност. Сепак, со поддршка од претпоставените и колегите во Армијата успевам успешно да ги реализирам и професионалните и спортските обврски. Таа поддршка е многу значајна, бидејќи овозможува спортистите од Армијата достојно да ја претставуваат институцијата и државата на натпреварите.

**За крај, кои се Вашите следни предизвици и очекувања од истите?**

– Мојата цел и во иднина е да продолжам со напорна работа и да постигнувам што подобри резултати, како на клупско така и на воено спортско ниво. Очекувам нови предизвици, натпревари и можности за напредок, а се надевам и на нови успеси со кои достојно ќе ги претставувам Армијата и татковината. ■






# Книжевниот свет на Ернест Хемингвеј и романот „ЗБОГУМ НА ОРУЖЈЕТО“

Пишува: Редакција „ШТИТ“

„Никогаш не заминувај без да им кажеш збогум на оние кои те сакаат. Овој свет е премногу нестабилен.“ Ернест Милер Хемингвеј е роден на 21 јули 1899 година во Оук Парк, Илиноис, САД. Од рана возраст покажувал страст кон природата, авантурата и пишувањето – страст која подоцна ќе го обликува во еден од најголемите писатели на дваесеттиот век. Неговиот татко, доктор Кларенс Хемингвеј, го научил да лови и да рибари – навики кои ќе се отсликаат низ целото негово творештво, а мајката Грејс го вовела во светот на музиката и уметноста.

По завршувањето на средното образование, наместо да тргне на универзитет, Хемингвеј стапил во редакцијата на Kansas City Star, каде работел како новинар. Токму таму ги стекнал основните принципи на пишување: кратки реченици, директен говор и без непотребни украси. Ова новинарско искуство длабоко ги обликувало неговиот стил и поглед на светот.

Во 1918 година, на само 18 години, Хемингвеј се пријавил доброволно да служи на италијанскиот фронт во Првата светска војна – не како војник, туку како возач на амбуланта на Американскиот Црвен крст. На фронтот кај Фосалта ди Пјаве, во јули 1918 година, бил тешко ранет – шрапнел му ги погодил нозете, оставајќи го со над 200 фрагменти во телото. За храброста покажана при спасувањето на ранет италијански војник бил одликуван со Medaglia d'Argento al Valor Militare.

За време на оправувањето во Милано, се заљубил во американската медицинска сестра Агнес фон Куровски. Таа љубов, колку што била болна, толку била и восхитувачка, и подоцна станала основа на неговиот најпознат роман. Искуствата од Првата светска војна – гледањето на смртта очи в очи, разочарувањето и загубата – длабоко се вткаени во неговото творештво.

Романот „Збогум на оружјето“ (A Farewell to Arms) е објавен во 1929 година и веднаш стекнал статус на класично дело. Напишан врз основа на личните искуства на авторот, романот ја следи приказната на американскиот поручник Фредерик Хенри, кој служи во италијанската армија за време на Првата светска војна, и неговата трагична љубов со британската медицинска сестра Катрин Баркли. „Збогум на оружјето“ останува роман за луѓето кои бараат смисла во време кога светот ја губи. Со својата воздржана емоционалност и сурова човечност, делото претставува врв на Хемингвеевата уметност и траен сведок за цената на војната и силата на љубовта.

Неговата „Теорија на ледениот брег“ – само осмина видлива, а остатокот скриен под вода – станала синоним за моќта на непишаното.

Во 1954 година Ернест Хемингвеј ја добил Нобеловата награда за литература, две години по катастрофалните авионски несреќи во Африка кои го оставиле со трајни телесни повреди и хронична болка. ■





# ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ – композиторот на македонската слобода

Пишува: Редакција „ШТИТ“

## Од хорот на НОВ до основите на македонската музичка култура

Трајко Прокопиев (1909–1979) е роден во Куманово и спаѓа во основоположниците на современата македонска музика. Студирал во Белград и во Прага каде што го совладал своето знаење за композитор, но неговата музика секогаш била длабоко вкоренета во македонската традиција и борбена историја.

Непосредно по ослободувањето во 1944 година, Прокопиев го формирал хорот при Главниот штаб на НОВ на Македонија. Тој беше меѓу иницијаторите за основањето на првиот Симфониски оркестар на 24 ноември 1944 година и првиот директор на Средното музичко училиште во Скопје.

### Композиции на слободата

Неговата композиција, „Смртта на Гоце Делчев", не е обична песна, таа е воена химна, марш на паметењето, симфонија на жртвата. Кога пишувал песни за Илинденското востание за филмовите „Илинден 1903" и „Комитска легенда", Прокопиев, не само што ја илустрирал историјата, туку тој и ја воскреснувал. Неговите хорски дела како „Илинденка" и „Кумановка" не звучат само како боен плач, туку и победнички. Секоја нота ја носи тежината на историјата, секој акорд одекнува со жртвите на оние коишто ги изгубија своите животи за слободата на татковината. Неговите опери, „Разделба" и „Кузман Капидан", како и балетот „Лабин и Дојрана", раскажуваат приказни за народното страдање и за отпорот. Прокопиев создал и над десетина хорски композиции и соло-песни кои се засновани на македонското фолклорно наследство.

Кога му ја доделиле Сојузната награда „АВНОЈ" во 1977 година за придонес во македонската кинематографија, тоа не беше само признание за филмската музика, тоа беше орден за културно херојство.

Трајко Прокопиев починал на 21 јануари 1979 година во Белград, но неговата музика никогаш не замолкна. Тој ги научил Македонците дека најсилното оружје не е топот, туку песната, дека најтрајната победа не е на бојното поле, туку во срцата на луѓето.

Денес наградата „Трајко Прокопиев" ја добиваат најдобрите македонски композитори. Центарот за култура во Куманово го носи неговото име. Но, најголемото признание е она што секогаш кога ќе се слушне македонска патриотска песна и секогаш кога ќе заиграат народни ора на некоја државна свеченост, таму е духот на Трајко Прокопиев.

Тој беше композитор-војник, уметник-борец, маестро на слободата. Неговата музика не беше само уметност, таа беше оружје за зачувување на идентитетот, химна на опстанокот, марш кон иднината. И, таа музика, како секоја вистинска битка за слобода, никогаш не завршува.

Трајко Прокопиев, во својот петдецениски творечки опус, ја преточи македонската борба за слобода во ноти, правејќи ја музиката оружје за зачувување на националниот идентитет и култура. ■



# „Кучињата на војната"

## Кога одмаздата е единственото оружје



Американскиот акциски трилер „Кучиња на војната“ (Hounds of War) од 2024 година, е режиран од Исак Флорентин, познат по филмовите „Неоткриен" и „Нинџа". Сценариото е на Жан Пјер Магро, додека главните улоги ги толкуваат Френк Грило, Роберт Патрик и Рона Митра.

Филмот ги следи најдобрите воени платеници, познати како „Кучињата" (The Hounds), кои се испратени на финална мисија од нивниот создавач што, всушност, е внимателно испланирана стапица, дизајнирана да ги уништи.

Кога мисијата тргнува наопаку и платениците се убиени, единствениот преживеан војник, Рајдер, тргнува во опасна потрага по одмазда против својот поранешен шеф. Неговата мотивација е длабоко лична – не само што го предале неговиот тим, туку го убиле и неговиот брата и неговата бремена сопруга.

Филмот истражува теми на одмазда, предавство и опстанок сред воена средина. Режисерот Исак Флорентин, познат по своите акциски филмови со впечатливи борбени сцени, овојпат се обидел да балансира помеѓу акционен филм и приказна за одмазда. Френк Грило, кој на 59 години станува сè повпечатлив лик во акцискиот жанр, во филмот ја има улогата на Рајдер, човек кој мора да се соочи со опасности и предавства додека бара правда.

„Кучиња на војната“ е филм што го задоволува вкусот на љубителите на акциони филмови, но истовремено нуди и слоевита приказна со емоционална тежина. Тој не се претставува како високобуџетен блокбастер, но токму тоа му дозволува да биде посуров, подиректен и поискрен во начинот на кој ги прикажува последиците на предавството и лажниот патриотизам.

Режијата на Флорентин, убедливата интерпретација на Грило и атмосферата која постојано балансира помеѓу акциски спектакл и човечка трагедија, заслужено го привлекува вниманието на публиката за овој филм, барајќи нешто повеќе од класична приказна со пукање. ■

**Режија: Исак Флорентин, Сценарио: Жан Пјер Магро, Продуценти: Андре Релис,Аарон Бриффа,Владимир, Чистјаков, Алексеј Митс, Вадим Фортунин, Жан Пјер Магро, Главни улоги: Френк Грило, Роберт Патрик, Рона Митра Кинематографија: Ериксон Кор, Монтажа: Пол Харб, Курт Нишимура, Педрам Торбати, Датум на премиерата: 20 септември 2024 година, Времетраење: 94 минути, Земја: САД, Јазик: Англиски**

Пишува: Редакција „ШТИТ“

# ВОЕНИ ФОТОРЕПОРТЕРИ



**Ник Ут**, роден како Huỳnh Công Út, во 1951 година во Long An, Виетнам, е виетнамско-американски воен фоторепортер, светски познат по својата фотографија од Виетнамската војна „Napalm Girl“ (1972), која стана симбол на ужасите на конфликтот.
Тој почнал да работи за новинската агенција Associated Press (AP) на само 16 години, по загинувањето на неговиот брат, кој исто така бил фотограф.
На 8 јуни 1972 година ја направил легендарната фотографија на девојчето Ким Фук како бега по напалм-напад – слика што го обиколи светот и силно влијаеше врз јавното мислење за војната.
За оваа фотографија, Ник Ут во 1973 година ја добил престижната награда Pulitzer Prize за новинарска фотографија, како и други меѓународни признанија.
По завршувањето на војната се преселил во САД и продолжил да работи како фотограф за Associated Press, покривајќи бројни настани – од воени конфликти до културни и општествени случувања.
Денес се смета за еден од највлијателните воени фотографи на 20 век. ■







Пишува: Редакција „ШТИТ“

Георги Петров Николов, или попознат како Ѓорче Петров, е роден на 2 април 1865 година во с. Варош, а починал на 28 јуни во Софија, Бугарија. Ѓорче Петров е македонски професор, публицист, историчар и идеолог на Македонската революционерна организација



Од приватната архива на Душко Апостолоски и Диме Ратајкоски